Ана Матовска - Смилевска Катица Мицева м-р Аниса Трпчевска

# ГРАМАТИКА

на македонскиот јазик со практични вежби за
дополнителна настава на македонски јазик
во странство

*со Шарко и Ристина*





**Крсте Петков Мисирков**

## ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ

*...Таква милост кон нашијо народен јазик требит да имаме и није, ако сакаме да останиме верни на дуот на нашите прededовци. Милоста кон народнијо јазик јет наш долг и наше прво. Није сме должни да милуаме нашијот јазик, зашчо тој јет наш, исто така, као шчо ни јет наша таткоината ни. Првите гласои, шчо ѝ имаме чуено, сет гласоите на нашите татковци и мајки, гласоите и збороите на нивнијот народен јазик. Преко ниф није добифме нашата прва дуовна храна, зашто со нив се осмисл’уаше се, шчо видефме со нашите очи. Со народнијот јазик није освојуаме психологијата на нашите татковци и прededовци и се чиниме нивни дуовни последници, као шчо сме со снагата нивни телесни продолжаачи. Ако се односуаме со презрејн’е кон народнијот наш јазик, ние само врак’аме со неблагодарност на нашите родители за сето нивно дуовно гледајн’е и воспитајн’е...*

**Рецензенти:**

Елица Атанасовска - Стојаноска, професор по одделенска настава - дополнителна настава на македонски јазик во Република Франција

Снежана Катарова – професор по одделенска настава – дополнителна настава на македонски јазик во Република Словенија

**Лектор:** м-р Аниса Трпчевска

**Технички уредник:** Ад Велју ДООЕЛ Скопје

**Издавач:** Агенција за иселеништво

**Ана Матовска - Смилевска**
професор по предучилишна и одделенска настава

**Катица Мицева**
професор по македонски јазик и книжевност

**м-р Аниса Трпчевска**
професор по македонски јазик и книжевност

# ГРАМАТИКА

**на македонскиот јазик со практични вежби за дополнителна настава на македонски јазик во странство**

## *со Шарко и Ристина*

Ноември, 2020

# СОДРЖИНА


Самогласки, согласки и слог 08

Акцентот во македонскиот современ јазик 12

Именки и видови именки 13

Ортоепски вежби 16

Зборoccredот во реченицата 17

Глаголи 18

Броевите како видови зборови 21

Интерпункциски знаци 23

Употреба на голема буква 26

Скратеници 27

Негација 28

Заменки 30

Заменски форми за директен и индиректен предмет 36

Придавки 38

Степенување на придавките 43

Глаголи – втор дел 44

Сегашно време 46

Минато време 48

Идно време 50

Заповеден начин 52

Реченица 54

Главни реченични членови 55

Прилошки определби за место 57

Прилошки определби за време 58

Прилошки определби за начин 59

Прилошки определби за количество 60

Синоними 62

Зборови со спротивно значење-антоними 63

Практични вежби 64

**Драги ученици,**

Оваа книга ви е посветена вам, каде и да сте низ светот. Љубовта кон мајчиниот јазик не се мери со деновите поминати во татковината, туку со познавањето на мајчиниот јазик. Оној кој го познава мајчиниот јазик, се познава и самиот себе си. Горди сме на вас, што вредно и трудољубиво ги откривате убавините на нашиот јазик. Респектот од заедничкот ангажман го оправдува идентитетот на сопствените корени. Оваа Граматика ќе ви помогне правилно да говорите, да поставувате прашања, да давате одговори, да пишувате.

Ви посакуваме успех во совладувањето на целокупната содржина на овој значаен учебник.

***Авторките***

# САМОГЛАСКИ, СОГЛАСКИ И СЛОГ

**Клучни зборови:**
слог, глас, буква, самогласка, согласка

**Македонскиот стандарден јазик има гласовен систем составен од 31 глас.**

Секој од гласовите во македонскиот јазик има соодветен графички знак БУКВА (графема).

**ГЛАСОВИ** ———————— **ИЗГОВАРАМЕ**




**БУКВИ** ———————— **ПИШУВАМЕ**



Со следниве букви се запишуваат македонските гласови во пишуваната форма на јазикот:

**Аа, Бб, Вв, Гг, Дд, Ѓѓ, Ее, Жж, Зз, Ѕѕ, Ии, Јј, Кк, Лл, Љљ, Мм, Нн, Њњ, Оо, Пп, Рр, Сс, Тт, Ќќ, Уу, Фф, Хх, Цц, Чч, Џџ, Шш.**

Македонското кирилично писмо е **гласовно** и **фонетско**.

Гласовниот систем на македонскиот јазик го составуваат **самогласки (вокали) и согласки (консонанти).**

**Самогласки во македонскиот јазик се:**
**А Е И О У**

**Самогласна функција** може да има и согласката (**сонантот**/вибрантот) **Р**.

Самогласките се изговараат пошироко и имаат поголема звучност од согласките. Тие ја имаат **слоготворната функција во зборот**, бидејќи со нивна помош се образуваат слоговите.

**Слоговите се гласовни низи кои се поврзуваат во повеќе елементи. Слогот најчесто има два или повеќе гласа, но може да биде изграден и само од еден глас:**


Са-ка-а, са-ка-ат


Стра-ни-ца


Ка-ра-ни-ца


Ра-ка


У-чи-лиш-те

**Најважен дел од слогот е самогласката!**



- ИЗГОВОРЕТЕ ги согласките според редоследот А, О, У, Е, И.
- Подели ги следните зборови на слогови.

Маса ____________________

Тетратка ____________________

Училиште ____________________

Татковина ____________________

Цвеќе ____________________

Море ____________________

Езеро ____________________

Река ____________________

- Секоја самогласка повторувајте ја неколкупати (со различна отвореност на устата и различна положба на усните).

- Напишете зборови кои почнуваат со самогласките и вежбајте артикулација, интонација, вокација.

____________________

____________________

- Пронајди ги самогласките во следниве зборови и заокружи ги со црвена боичка.

КУЌА ЗАДАЧА ГРАДИНА МАСА КНИГА СТОЛ

ЧАША ЛАЖИЦА ВИЉУШКА ВРАТА ТАБЛА

ВЕТЕР МАГЛА ЧАД АВТОБУС ГРАД ВИРУС

- Во секој збор пронајди ги согласките и заокружи ги со жолта боичка.

МАЈМУН ШАРКО РИСТИНА ШАР ПЛАНИНА ОВЦА

СООПШТЕНИЕ РАСПУСТ ТОРТА МОЛИВ

ТЕТРАТКА ГУМА ПЕНКАЛО ЛИНИЈАР

## САМОГЛАСКИТЕ СЕ ПОДЕЛЕНИ

Според височината на јазикот:

**високи** И, У

**средни** Е, О

**ниски** А

Според движењето на јазикот:

**предни** И, Е

**средни** А

**задни** У, О

Според положбата на усните:

**незаокружени** И, Е, А

**заокружени** У, О.



## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Пронајди ги самогласките во следните имиња.

Шарко ____________________

Ристина ____________________

Јована ____________________

Анабела ____________________

Тијана ____________________

Славица ____________________

**А, ШТО Е СО ГЛАСОТ Р?** - прашаа и двајцата.

**Гласот Р има функција на самогласка во зборовите:**

прв, дрво, срце, крст, црква.

**Самогласното Р на почетокот од зборот се означува со апостроф:**

'рж, 'рбетници.

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Определете го гласот р во следниве зборови.
- Во кои зборови има самогласно Р? Подвлечи ги со црвена боичка.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ратка | барање | ‘рскавица | прст |
| рачка | краставица | ‘рт | крстопат |
| ребро | ракавица | ‘рбетници | прстен |
| Рим | радост | ‘рзнува | смрзнува |
| ручек | разнесува | ‘рж | чкртаница |

## СОГЛАСКИ

Македонскиот стандарден јазик има 26 согласки (консонанти).

Според начинот на образување согласките се делат на:

**преградни** **п, б, м, т, д, н, њ, к, г.**

**теснински** **ф, в, с, з, ј, ш, ж, х, л, љ, р.**

**преградно-теснински** **ц, ѕ, ч, џ, ќ, ѓ.**

## СО РИСТИНА И ШАРКО ДО НАУКА

- Шарко вели: изговорете ги гласно горните согласки.

Внимавајте на името на групата и при изговорот утврдете зошто се наречени преградни, теснински, преградно-теснински.

- Опишете ги промените во говорниот апарат што ги забележувате при нивниот изговор.



Според местото на образувањето согласките се групираат на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **уснени** | **п, б, м, ф, в** |
| **забновеннечни** | **т, д, н, л, ц, ѕ, с, з** |
| **венечни** | **љ, ч, џ, ш, ж, р** |
| **тврдонепчени** | **њ, ј, ќ, ѓ** |
| **меконепчени** | **к, г, х** |

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Ристина вели:

Изговорајте ги овие самогласки со големо внимание за  местото на кое се образуваат. Размислете за органите кои се активираат при артикулацијата на согласките и гласовите воопшто. Секој од вас да го објасни сопственото чувство при артикулирањето на овие согласки.

**И ДА ГИ ЗАОКРУЖИМЕ СОГЛАСКИТЕ** - предложија Шарко и Ристина!

Според звучноста согласките се делат на:

| | |
|---|---|
| **звучни** | **б, в, г, д, ѓ, ж, з, ѕ, џ** |
| **безвучни** | **п, ф, к, т, ќ, ш, с, ц, ч, х.** |

> **Сонантите (сонорни гласови)** се позвучни од звучните согласки  и им се доближуваат на самогласките: **ј, р, л, љ, м, н, њ.**

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

Сега следат последните вежби за согласките, драги ученици!

**Шарко:** Изговарајте ги согласките кои прават двојки по звучност и забележете ја разликата во нивната звучност.

**Ристина:** Изговарајте ги согласките и обидете се секоја од нив да ја определите според трите критериуми.

Издвој ги самогласките и согласките од зборовите:

Игралиште ______________________________

Телевизор ______________________________

Дожд ______________________________

Светулка ______________________________

Сонце ______________________________

Радост ______________________________

'Рбет ______________________________

- Пронајди и напиши пет збора кои започнуваат на:

| **Самогласка** | **Согласка** |
|---|---|
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |
| ______________ | ______________ |



• Од дадените групи самогласки и согласки состави зборови.

| ратикногепи | бумаикгрве | нирсмвкуа |
| --- | --- | --- |
| ____________ | ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ | ____________ |
| Патики | ____________ | ____________ |

# АКЦЕНТОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ СОВРЕМЕН ЈАЗИК

**Клучни зборови:**
акцент, динамичен определен, слог

**Акцентот** (΄) е мошне важен аспект во јазикот со кој се докажува специфичноста и автентичноста на еден национален јазик.

**Изделувањето на еден слог со потенцирање на силата и издишната воздушна сила, со височината на тонот и со квалитетот на гласот се нарекува *АКЦЕНТ*.**

**Акцентот** се поврзува со самогласките кои имаат слоготворна улога, а слогот, пак, е носител на акцентот.

Учени́ците у́чат но́ва ле́кција.



Ри́стина и Ша́рко се дру́гари.



МАКЕДОНСКИОТ стандарден јазик има **динамичен** и **определен акцент.**

Акцентот се карактеризира со силен гласовен удар (нагласување) на определен слог и тоа на третиот слог од крајот на зборот, што, се разбира, е можно само кај повеќесложните зборови.

<u>ЕДНОСЛОЖНИТЕ ЗБОРОВИ</u> имаат акцент на единствениот слог:
**со́н, гра́д, до́м, де́н.**



ДВОСЛОЖНИТЕ ЗБОРОВИ имаат акцент на почетниот слог:

**се́ло, ре́ка, же́на, те́ле.**

АКЦЕНТИРАЊЕ НА ТРИСЛОЖНИТЕ И ПОВЕЌЕСЛОЖНИТЕ ЗБОРОВИ

Со растењето на зборот акцентот се поместува кон крајот на зборот со тенденција да се задржи на третиот слог од крајот:

**учи́лиште – учили́штето**

**ра́змисли –織разми́слете**

**со́нувач - сону́вачот**

ТОПОНИМИТЕ (ИМИЊАТА НА МЕСТАТА) се акцентираат на следниов начин:

**Кисела́‿Вода, Веле́‿Брдо, Мечки́н‿Камен, Ново́‿Село.**

**Но: Мала́-река, Бело́-поле, Кадино́-село, Долни́-Дебар.**

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Определи го акцентот во зборовите:

учам, пишувам, разбирам, говорам, другарче, татковина.

- Шарко прашува, а ти, мило дете, одговори во името на Ристина.

**Шарко:** Што е тоа акцент?

**Ристина:** ________________________________________

________________________________________________

**Шарко:** Дали знаеш како се бележи акцентот кај малите, а како кај големите зборови?

**Ристина:** ________________________________________

________________________________________________

**Шарко:** Ајде, уште ова, те молам, Ристина! Колку е важно да знам правилно да ги акцентирам зборовите и што ќе се случи ако згрешам... ав, ав...

**Ристина:** ________________________________________

________________________________________________

# ИМЕНКИ И ВИДОВИ ИМЕНКИ

**Клучни зборови:**
именки, род, број

**Именката обележува поим за некој предмет:**

**материјален предмет** (молив, книга)

**суштества** (човек, куче)

**сето она што е опредметено** (ден, мисла).



**Општите именки означуваат родов поим:**

стол  дрво 

**Сопствените именки се имиња на одредени, единични предмети:**

Шарко, Скопје, Вардар, Шар Планина, Охрид.

    

**Кон сопствените именки се придружуваат оние што покажуваат блиско сродство, а завршуваат на вокал:**

чичко, вујко, тетка, тета, стрина, вујна, баба, сестра, нена.

**Одам кај баба** (мојата баба по татко, по мајка).

**Одам кај бабата** (во сродство со мојата фамилија).

**Конкретни именки:** дете, глава.

**Апстрактни именки:** гордост, смелост.

## АЈДЕ ДА НАУЧИМЕ

**Именките се зборови што означуваат имиња на предмети, појави, поими и суштества.**

**Именките имаат три граматички категории: род, број и определеност.**

**Именките разликуваат три рода.**

**Машки род:** Именките од машки род во најголемиот број завршуваат на консонант, односно, немаат наставка во основната форма: *леб, другар.*

Помал број завршуваат на вокалите:

-а:  слуга, Никола,

-о: татко, Перо,

-е:  вујче, Јане.

**Женски род:** Именките од женски род во најголем број завршуваат на:

–а:  сестра, Мара.

Помал број завршуваат на консонант:

- младост, вест.

**Среден род:** Именките од среден род завршуваат на:

–о,-е: жито, дете.

**Именките разликуваат  два броја:**

**Еднина и множина** (од лексичкото значење на именката зависи дали таа ќе ги има обата броја).

**Личните имиња, сопствените именки се наоѓаат само во еднина, бидејќи се однесуваат на еден одреден предмет.**



<u>Лице</u> - Александар, Дарко,
<u>Град</u> - Скопје,
<u>Географски поим</u> - Вардар.

**Само во еднина се употребуваат голем број именки што означуваат апстрактни поими:**
слобода, љубов.
**Но:** другарство – другарства,
братство – македонските братства.
**Именки што означуваат некаква материја не образуваат множина во вистинска смисла:**
вода, злато, вино.
**Во множинска форма:**
Убави <u>вина</u> има во нашава земја.

**Множина не образуваат оние именки што веќе во еднинската форма означуваат некаков збир, збирно единство на предметите:**
учителство, чиновништво (збирни именки).
**Во некои случаи истата именка може да се сфаќа и како збирна и како општа:**
народ, свет, луѓе.
Имаше многу народ.
**Во народниот јазик:**
Не слушај што зборува народот.
„Да не ни траат челадта – челадта твоја што ќе ти се родат.“- М.Цепенков

Се исправил Шарче нешто да рече:
*РИСТИНЧЕ, ТЕ МОЛАМ! – ДОНЕСИ МИ МОЛИВЧЕ САКАМ ДА НАПИШАМ:*

**<u>Р</u>**азликувам родов поим
**<u>И</u>**миња на одредени лица
**<u>С</u>**опственост и единични предмети
**<u>Т</u>**ипична сложена кованица, уште и-
**<u>И</u>**збројана множина или збирна
**<u>Н</u>**ематеријална определена ознака или
**<u>А</u>**пстрактна форма на именка.
**<u>И</u>**менките се:
**<u>Ш</u>**аренило од граматичка содржина
**<u>А</u>**мбициозен неутрален спој
**<u>Р</u>**азликуваат определеност
**<u>К</u>**атегории род и број.
**<u>О</u>**, колку именски звучат!

А, ти, учениче мало прочитај јасно и гласно,
секое дете да знае -
ИМЕНКА што е!



## ОРТОЕПСКИ ВЕЖБИ

**Ортоепија** (грчки ортоепија, од ортите- точен и епози- говор) е збир на норми на националниот јазик.

„...Секој зборува повеќе отколку што пишува и обично слуша повеќе отколку чита. Прво, едно лице учи да зборува, а само тогаш - да пишува. Вештините за пишување лежат над устните вештини и зависат од нив."- М. В. Панов (Руски лингвист)

### ИЗГОВОР НА САМОГЛАСКА

**Нежно изречена самогласка е во зборовите:**
академија, крем, печатот, музејот, тенор.

**Зборови со истакнати самогласки:**
бесмислено, суштината, се, сјај (но: да сјае), ситната, грнчар, сингл, странски, племенски (но: мулти, разновидна), истече (година), збунет, минато, цветаат, произведени, зборуваше, сигурен, растворувач, заднина.

**Зборови со меко изразени согласки пред е:**
академија, зема, деценија, рецитирање, сезоната на пролетта, цртичка, дефиниција.

## ШАРКО И РИСТИНА ПРАШУВААТ:

- Дали можете да ги прочитате зборовите и да ги определите основните ортоепски правила?

Топлина, микс, кралеви, жалење, триесет, јакна, јасмин, коњи, ролетни, густа, ’рж, сопруга, цена, шепот, танц, часовник, позиција, интелигенција.

**Учениците:**
Даа, Даа......

А овде напишете ги одговорите според барањата.

Ортоепија е ______________________________________________

______________________________________________

Наброј зборови со истакнати самогласки.

______________________________________________

______________________________________________

**Ристина:** Сега, нацртај голем црвен балон и во него примери од зборови со нагласени самогласки.
**Шарко:** И внимавај! Користи само жолта боичка. Да нема забуна, тоа е една од бојата на знамето на нашата ТАТКОВИНА.



# ЗБОРОРЕДОТ ВО РЕЧЕНИЦАТА

**Клучни зборови:**
реченица, подмет, прирок

**Реченицата** е јасно одделена  целина од текстот.

Основна карактеристика е тоа што содржи најмалку еден прирок. Основни реченични членови и главни делови во реченицата се подметот и прирокот.

Ристина (**подмет**) му раскажува (**прирок**) приказна (**директен предмет**) на Шарко (**индиректен предмет**).

**Прирокот е носител на дејството или состојба кој вообичаено е глагол во лична форма.**

## ДА ДЕФИНИРАМЕ

Основен член на реченицата е **прирокот**. Без него нема реченица. Тој секогаш оди со подметот, односно, во секоја проста реченица, освен прирок има и подмет.

**Прирокот ни кажува што работи или што се случува со подметот.**

Ристина сонува.
Кој сонува? Ристина.....     (Ристина е подмет)
Што прави Ристина? Сонува....    (сонува е прирок)

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

Ристина прашува ученици, а вие одговорете усмено и писмено:

- Кој збор ни кажува за кого се зборува во реченицата?

Учениците____________________(КОЈ).

- Кој збор ни кажува што се случува во реченицата?

Учениците____________________(ШТО).

- Определете го подметот и прирокот во речениците:

**Шарко лае.**
Кој лае? _____________________
Шарко е______________________________во реченицата.
Што прави Шарко?___________________
Лае е __________________________во реченицата.

**Горан прави куќичка за Шарко.**
Кој прави куќичка за Шарко? ________________________
Горан е _____________________________во реченицата.
Што прави Горан? __________________________________________



**Подметот го подвлекуваме со една линија а прирокот со две линии.**

**ПОДМЕТОТ** е втор главен реченичен член.

**Подметот** го означува вршителот на дејството.

Тој не мора да биде изразен во реченицата, него можеме да го откриеме во формата на глаголот или од контекстот. Подметот е втор главен реченичен член. Најлесно го откриваме со прашањето **КОЈ**?

**Подметот има повеќе функции.**

- Марија чита. (**вршител на дејство**)
- Шарко ја разурна оградата. (**предизвикувач на дејството**)
- Марија почувствува страв. (**носител на психофизички особини**)
- Ристина е убава. (**носител на особина**)

## СО РИСТИНА И ШАРКО ДО НАУКА

- Подвлечи го подметот и прирокот во следниве реченици.

1. Ја сакам мојата татковина.
2. Родителите ме поддржуваат беспрекорно.
3. Децата не треба да играат на улицата.
4. Шарко ја советува Ристина.
5. Ристина му верува на Шарко.

- Употреби ја овде својата креативност и состави реченици со еден подмет и еден прирок:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

# ГЛАГОЛИ

**Клучни зборови:**
глаголи, време, број

**Р**азнообразност на формите
**И** преодност со наставките, а
**С**интаксичките врски ги образуваат
**Т**рајните. Но,
**И**стовремено ги учам и
**Н**есвршените параболи
**А** во контекст и свршените глаголи.
**и**
**Ш**то сегашноста има
**А**ористна основа- тогаш следува
**Р**азличен преглед на префиксите
**К**ласификација и
**О**бразување на глаголите.



**Ристина:**

**Глаголот** означува дејство во врска со неговиот вршител:

работи мисли пишува чита






**Шарко:**

Глаголите разликуваат повеќе граматички категории, но за тебе, сега, доволно е да ги научиш првите две: **лице и време.**

**Во граматичката категорија <u>лице</u>, глаголот покажува согласување со личните заменки.**

- **<u>Еднина:</u>**

    1.л. Јас викам,

    2.л. Ти викаш,

    3.л. Тој вика.

**Првото лице** покажува крајна индивидуализираност - означува одредена единка (онаа што зборува).

**Второто лице** најчесто се однесува на изделена единка- онаа што зборува.

**Третото лице** може да се сврзува со секој предмет што се споменува при говорот меѓу првите две лица.

Јасно ли е ученици?

Учениците: ммм, даа...даа

**Шарко е на ред.**

**Првото лице множина** се карактеризира со поголема неопределеност во однос на индивидуализацијата од првото лице во еднина.

**Формата за второ лице множина** се употребува при согласувањето на дејствата што ги вршат **второто и третото лице.**

- **<u>Множина</u>**

    1.л. Ние викаме

    2.л. Вие викате

    3.л. Тие викаат

**Ристина:**

За да се направи нешто, секогаш мораме да имаме вршител на дејството (оној кој прави нешто). Покрај овие глаголи кои имаат свој вршител на дејството, постојат и глаголи кои немаат вршител на дејство, и тие глаголи се викаат **безлични глаголи.**

Од глаголите што се одликуваат со безлична употреба изделуваме две групи.

А) Глаголи што означуваат **природни појави:**

**врне, роси, се разденува, се стемнува.**

Б) Глаголи што означуваат **душевно** или т**елесно преживување**:

**ми се јаде, ми текнува, ме боли, ми е страв.**



А по видот,- вели **Шарко**- глаголите во македонскиот јазик се поделени на **несвршени** (трајни, повторливи) и **свршени**.
И да не заборавам - смело продолжи- глаголот познава и два броја: **еднина и множина.**

Под граматичка категорија **<u>време</u>** - објаснува **Ристина** - го разбираме односот на вршењето на глаголското дејство по време според моментот на соопштувањето. Основните глаголски времиња се сегашно, минато и идно време. Покрај основите три глаголски времиња, нашиот јазик познава и други посложени глаголски форми за кои подоцна ќе учите. Прочитајте ја листата на глаголските времиња и обидете се да кажете по три глагола за секое време.

- **Сегашно време**
- **Минато определено (свршено и несвршено)**
- **Минато неопределено (свршено и несвршено)**
- **Идно време**
- **Идно прекажано**
- **Минато идно време**

Начинот на кој се искажува глаголското дејство - продолжи **Ристина** - се означува со граматичкиот термин **начин**.
Во нашиот јазик со посебни граматички форми се јавува: **заповедниот начин (императив) и можниот начин (потенцијал).**

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Определи ја граматичката форма начин во следниве реченици.

Дојди, Шарко!

---

Шарко би дошол, ако го викнете.

---

Шарко сака да објасни и за-
**образувањето на несвршените од свршени глаголи преку примерите:**
одговори – одговара
изговори – изговара
постеле – постила
шепне – шепнува
врати – враќа
плати – плаќа
најде – наоѓа
зајде – заоѓа.
**<u>- А јас да не бидам „покусо" (промрмори Ристина)</u>**
**како** од несвршените глаголи се изведуваат свршени и тоа со наставката **–не**.
Вика – викне
Седи – седне
Лета – летне



## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Поврзи со точниот парник

| | |
|---|---|
| најде | изговара |
| врати | плаќа |
| заоѓа | враќа |
| изговори | наоѓа |
| плати | заоѓа |
| фати | гоштава |
| гости | фаќа |

**И овде**

| | |
|---|---|
| Лета | седне |
| Седи | викне |
| Вика | летне |

- Игра со примена на техниката ЗНАМ – САКАМ ДА ЗНАМ – НАУЧИВ. Стави плус или минус, доколку знаеш, или не знаеш, или, пак, доколку сакаш да знаеш.

| ЗНАМ | САКАМ ДА ЗНАМ | НАУЧИВ |
|---|---|---|
| Граматичка категорија време | Граматичка категорија време | Граматичка категорија време |
| Граматичка категорија вид | Граматичка категорија вид | Граматичка категорија вид |
| Граматичка категорија начин | Граматичка категорија начин | Граматичка категорија начин |

# БРОЕВИТЕ КАКО ВИДОВИ ЗБОРОВИ

**Клучни зборови:**
броеви, одредена и приближна бројност

Со броевите се означува количеството на предметите, било да е точно избројано, било да е само приближно определено.

Според овие значења во граматиката на македонскиот јазик се разликуваат два вида бројност:

**1. одредена и**

**2. приближна бројност**

## ОДРЕДЕНА БРОЈНОСТ

1. Меѓу броевите што ја изразуваат се двојат со своите форми еден и два.



Тие имаат форми за родот:

**м.р. еден** **ж.р. една** **ср.р. едно**

**м.р. два** **ж.р. две** **ср.р. две (две деца)**

2. Место два, две се употребува, секогаш членувано обата, обете:

**Тие обата дојдоа.**

3. Другите броеви до десет се:

**Три, четири, пет, шест, седум, осум, девет, десет.**

Од 10-19 се сврзуваат со предлогот на:

единаесет, дванаесет, тринаесет, четиринаесет, петнаесет,
шестнаесет, седумнаесет, осумнаесет, деветнаесет.

Броевите што ги означуваат десетиците претставуваат просто прилепување на соодветната единица и бројот десет:

дваесет, триесет, четириесет, педесет, шеесет, седумдесет, осумдесет, деведесет.

**20 30 40 50 60 70 80 90**

**Вежби со учениците: усно и гласно се изговараат броевите, индивидуално и заедно.**

## ОДРЕДЕНА БРОЈНОСТ ЗА ЛИЦА

За означување лица од машки род се употребуваат специјални бројни форми, изведени од простите броеви:

**два, три, четири другара (другари);**
**двајца, тројца, четворица другари;**
**петина-петмина, шестина-шесмина,**
**седмина-седуммина, осмина-осуммина,**
**деветмина, десетмина, стомина, двестемина.**

## ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ

Таа се искажува кога ќе се сврзат и ќе се изговорат со еден акцент, два соседни броја:

**два-три, три-четири, седум-осум,**
**два-три-наесет, три-четириесет, седум-осумдесет.**

Од броевите на десет и од бројот сто се образуваат форми за приближна бројност со наставката –ина:

десетина, тринаесетина, дваесетина, педесетина, стотина.

## СО РИСТИНА И ШАРКО ДО НАУКА

- Одговори на прашањата.

Што означуваат броевите?

________________________________________

Броевите имаат два вида бројност:

________________________________________

Како се изразува одредената бројност?

________________________________________

Кои се бројните форми изведени од простите броеви?

________________________________________



# ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ

**Клучни зборови:**
точка, запирка, прашалник, извичник, точка-запирка, две точки, три точки, загради, црта, наводници

Знаците со кои се означуваат речениците, нивните делови, паузите, знаците со кои се укажува на тоа дека се наведуваат туѓи зборови, се нарекуваат знаци за интерпункција.

Такви знаци се:
**точка, запирка, прашалник, извичник, точка-запирка, две точки, три точки, загради, црта и наводници.**
Овие знаци се задолжителни при пишувањето на стандардното изразување и со нив се спроведуваат определени правописни правила дадени во правописот на македонскиот стандарден јазик.

## ТОЧКА (.)

Точката како интерпункциски знак ја означува паузата која ја правиме, откако ќе изговориме една мисла, една реченица.
Секогаш е на крајот од расказните реченици.
**Ристина и Шарко се препознатливи по својот македонски менталитет.**
Се пишува и на крајот од реченицата со кои се искажува блага заповед:
**Јади убаво, те молам.**

Правила за ТОЧКАТА како правописен знак!

**Се употребува за обележување на скратениците.**
• Зад редните броеви што се напишани со арапски цифри:
1.
2.

• **Кај датумите ако се напишани со арапски цифри:**
24. 08. 2020 г.

• **Не се пишува, ако се со римски:**
24. VIII 2020 г.

• И кога уште не се пишува? - праша Шарко.
• **По скратување на зборови што завршуваат со точка како правописен знак.**

Нашето училиште работи од 2000 год.
• **По други интерпункциски знаци на крајот од реченицата (извичник, прашалник, три точки).**
Пр. Каде беше досега? Влези внатре!- му објасни Ристина.
И сега, те молам, Шарко, биди една вистинска точка и кажи му на другарчето до тебе едноставно и лесно каде е твоето место.





## ЗАПИРКА (,)

Запирката е интерпункциски знак и најчесто се пишува, за да ги оддели деловите на реченицата што се набројани:

Доматите, пиперките, морковите и компирите се редовни на нашата домашна трпеза.

**Извиците се одделуваат со запирка:**

Оф, нешто ме касна!

**Вметнатите зборови и изрази се одделуваат со запирка:**

Вие, се разбира, сте во право.

- **Зборовите за обраќање се одделуваат со запирка:**

Мамо, јас ќе излезам.

- **Потврдната честица ДА, и одречната НЕ, се одделуваат со запирка кога стојат на почетокот на реченицата:**

Да, ќе дојдам.

Не, не доаѓам.

Шарко: *Ова беше мојот дел, Ристина, а сега ти на твојата најдобра другарка, објасни ѝ каде сѐ треба да стои запирката.*

## ПРАШАЛНИК (?)

- Се пишува на крајот од прашалната реченица:

Ќе дојдеш ли утре со мене на театар?

- Се пишува зад прашални зборови и искази:

Кога? Каде? Зошто?

Каде си Ристина____(што треба да стои на линијата).

## ИЗВИЧНИК ( ! )

ОВДЕ СУМ, НЕ ВИКАЈ ТЕ МОЛАМ______

- **Се пишува на крајот од извичните реченици.**
- **На крајот од речениците со кои се искажува построга заповед.**
- **Во речениците со кои искажуваме силна возбуда.**
- **Зад извици со кои се искажуваат разни чувства или служат за имитирање звуци или животински гласови.**

## ДВЕ ТОЧКИ (:) се пишуваат пред набројување:

Денес по распоред имаме: македонски, математика..

Шарко рече:- Со Ристина денес ќе си одиме порано.

## ЗАГРАДИ ( )

- **Во загради се пишуваат оние зборови, или цели реченици кои дообјаснуваат нешто:**

Тој бил во градот Струмица (Република Северна Македонија).

- **Во загради се пишуваат забелешките во драмите**

Божана (влегува во собата): Добар ден!

(хихихи) Се насмеа Ристина



## НАВОДНИЦИ („ “)

- **Се пишуваат на почетокот и на крајот на нечии туѓи зборови:**

Шарко рече: „Денес добро се чувствувам.“

- **Со наводници се пишуваат: наслови на книги, на песни, на раскази, на весници, на списанија, имиња на установи, претпријатија.**

- **Наброј ги твоите омилени книги полни со македонски приказни.**

**Продложи Шарко ( ВО НАВОДНИЦИ - шепна тивко)**

## ЦРТА (тире) ( - )

- **Црта се употребува наместо наводници при пренесувањето на туѓи зборови:**

\- Каде си тргнала? – праша Шарко.

\- Никаде,- одговори Ристина.

- **Меѓу броевите наместо предлогот до:**

Тие работат од 10- 12часот.

- **Меѓу две места за да се означи правецот на движењето од едното до другото место:**

Денес имаше сообраќаен метеж на патот Скопје- Велес.

## ЦРТИЧКА

- **Сложенките кои го чуваат своето самостојно значење се поврзуваат со цртичка:**

охридско-преспански, три-четири, жиро-сметка.

- **Помеѓу двојни презимиња:**

Христијан Тодоровски – Карпош

Лидија Капушевска- Дракулевска

Весна Мојсова- Чепишевска

Виолета Пирузе- Тасевска

## АПОСТРОФ ‘

- **Како правописен знак се пишува на местото на изоставен глас во зборот:**

с’нце, м’гла.

- **на почетокот од зборот пред самогласното р:**

‘рж ,’рти, ‘ржи.

И овде завршуваат интерпункциските знаења.



- Од секое интерпункциско знакче направи вистинско облаче, стави му очиња мали и две рачиња за сонцето да го гали.

! , ( ʻ ' ) ⌒ ‿ — ″ !! — ‿
? ) ⌒‿ ″ !! .........( ) , !*****

<u>До наредниот час!</u>

# УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА БУКВА

**Клучни зборови:**
голема буква

Да го разгледаме извадокот од приказната за Ристина и Шарко и да забележиме каде се употребува голема буква.

**...Така, еднаш раскажувачот им рекол:**
**„Синко Шарко, и ти, ќерко Ристина! Бидете добри и послушни и слушајте ги советите од родителите!“**
**И, навистина, така и направиле...**

- **Со голема буква почнува текстот.**
- **Со голема буква се пишува првиот збор од реченицата што доаѓа по две точки, кога почнува директен говор.**
- **Голема буква се пишува на почетокот на првиот збор од реченицата што доаѓа по друга реченица, зад која стои извичник или прашалник.**
- **Во писма и различни обраќања, по запирката се пишува голема почетна буква, ако текстот оди во нов ред:**

• Почитуван професоре,
Ми соопштија дека...



• Мила мамо,
Знам дека одамна го чекаш писмово ...



- **Зад употребен извичник по обраќањето се употребува голема буква:**

• Ученици!
Денес ќе се одржи акцијата „Спасете ја планетата“!



- **Со голема буква се пишуваат личните имиња, презимињата, прекарите, фамилијарните имиња и псевдонимите на луѓето, како и имињата на животните:**

Миле Јовановски, Перо Носот, Насковци, Бреско, Дамко.



- **Географските имиња се пишуваат со голема буква:**

Република Северна Македонија, Охридско Езеро, Битолско, Прилепско, Македонски Брод, Крива Паланка, Вардар, Црна Река, Скопска Црна Гора.

- **Жителите на континенти, земји, држави, покраини, области како и припадници на народи, племиња и етнички групи се пишуваат со голема буква:**

Европеец, Македонец, Арап, Бошњак, Бугарин, Грк,
Србин, Вавилонец, Семит, Влав, Ром.

- **Припадниците на раси се пишуваат со мала буква:**

белец, црнец, црвенокожец.

## СО РИСТИНА И ШАРКО ДО НАУКА

- Пополни ги празните линии според барањата:

а. Напиши имиња на наслови на книги, слики, уметнички дела.

______________________________________________

б. Напиши имиња на улици, булевари, кејови, алеи, плоштади, мостови.

______________________________________________

в. Напиши имиња на установи, организации, друштва, партии, конгреси.

______________________________________________

г. Напиши множинска форма за жителите на континенти, земји, држави.

______________________________________________

# СКРАТЕНИЦИ

**Клучни зборови:**
скратеници, скратување на почетните букви, метрички систем

**Скратениците** се добиваат со скратување на одделни зборови или со спојување на почетните букви или групи букви од зборовите кои влегуваат во составот на сложените називи.

**Скратување со пишување на почетните букви:**

| | |
|---|---|
| **в.** | – види, век, весник |
| **г.** | – господин |
| **г.г** | – господа (множинска форма) |
| **г. или год.** | – година |
| **ж.р.** | – женски род (во граматиката) |
| **л.** | – лице (во граматиката) |
| **м.р.** | – машки род (во граматиката) |
| **д-р** | – доктор |
| **м-р** | – магистер |
| **проф.** | – професор |
| **н.е.** | – новата, нашата ера |
| **с.** | – село и страница (страница и стр.) |
| **с.р.** | – своерачно |
| **т.е.** | – то ест |
| **т.н.** | – таканаречен |



| | | | |
|---|---|---|---|
| **бр.** | – број | **на пр.** | – на пример |
| **гр.** | – град | **од н.е** | – од нашата ера |
| **и др.** | – и друго | **пр.н.е.** | – пред нашата ера |
| **и сл.** | – и слично | **по Хр.** | – по Христа |
| **кн.** | – книга | **пр. Хр.** | – пред Христа |
| **мн.** | – множина (во граматиката) | **итн.** | – и така натаму |

**За мерките на метричкиот систем и за други мерки и големини се употребуваат следниве скратеници:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **м** | – метар | **мг** | – милиграм |
| **мм** | – милиметар | **г** | – грам |
| **см** | – центиметар, сантиметар | **т** | – тон, (тона) |
| **дм** | – дециметар, десиметар | **кл** | – килолитар |
| **км** | – километар | **хл** | – хектолитар |
| **кг** | – килограм | **дкл** | – декалитар |
| **дкг** | – декаграм | **л** | – литар |
| **дг** | – дециграм, десиграм | **дл** | – децилитар, десилитар |

**Во горните скратеници нема точки! Тоа е правило.**

**Кога ќе се земат само почетните букви на зборовите што влегуваат во составот на сложени називи, ќе се добијат скратеници од следниов тип:**

| | |
|---|---|
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **НОБ** | Народноослободителна борба |
| **САД** | Соединети Американски Држави |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ООН** | Организација на обединетите нации |
| **МАНУ** | Македонска академија на науките и уметностите |
| **МНТ** | Македонски народен театар |
| **ДПМ** | Друштво на писателите на Македонија |
| **МТВ** | Македонска телевизија |

Скратениците од туѓи јазици ги предаваме со наше писмо, а во однос на членските форми и изговорот и за нив важи она што важи за нашите скратеници: **УНЕСКО, ФИФА, УНИЦЕФ.**

**За овој дел Ристина ти предлага големи предизвици, ајде сега гласно да ги прочитаме сите скратеници**.
А потоа да научиме да ги пишуваме и во контекст применуваме.

# НЕГАЦИЈА

**Клучни зборови:**
не, ниту, ни, негација



**Негација** значи негирање, одрекување.

**Одрекуваме** кога некое дејство не се извршило, не се врши или нема да се врши. Сите видови реченици можеме да ги негираме.

**<u>Негираме со:</u>**

честичките **не, ни** и **ниту.**

Пр. А ти не ме викна.

Тој и не ме погледна.

Не знам што се случи.

Ни зеде, ни даде.

Ниту прифати, ниту противречи.

**<u>Негираме и со одречните заменки, заменски придавки и прилози:</u>**

**никој, ништо, ничиј, никаков, никаде, никогаш, никако.**

**Честичката за негација НЕ <u>се пишува одделно</u> од глаголите и глаголските прилози:**

не знае, не сака, не сакам, не игра, не може, не реков,
не носеа, не дошол, не дошле, не би можел, не викај,
не викајте, не оди, не знаејќи, не сакајќи, не можејќи.

**Се пишува слеано кога е составен дел на именките и придавките:**

невреме, невистина, непријател,
неискрен, некултурен, невкусен, недопечен.

- Честичката **НЕ** кога се употребува како негација што не влегува во состав на именка, придавка или прилог.

**Не добар, ами предобар беше со нас.**

- **АМИ** се употребува за спротивставување на два исказа во реченицата:

**Не ретко, ами скоро секој ден славевме родендени со учениците.**

**<u>Слеано се пишуваат</u>**

**Глаголите:**

нејќе, нема (со формите на промената нејќам, нејќеш,нејќе, нејќеме, нејќете, нејќат, немам,
немаш, нема, немаме, немате, немаат,
нејќејќи, немајќи.

Формите на заповеден начин: **немој, немојте.**

**НЕ** е дел од основата на глаголот:

**негодува, недогледува, недослушува**

*глаголска именка во силно одречни изрази:*

**НЕ, КАКВО ОДЕЊЕ!**



**Ристина ова е навистина интересена тема и јас воопшто немам дилема, во мојот учебник сега со твоја мала корекција да повториме за негација.**

## СО РИСТИНА И ШАРКО ДО НАУКА

- Употреби ги честичките за негирање не, ни и ниту и образувај реченици со негирање.

____________________што да речам.

___________________________ниту напишав домашна работа.

_________ме погледна__________рака ми подаде.

Не сакајќи_______________________________________________.

Се изрекоа многу___________ невистини.

Дали има на овој свет поубаво девојче од Македонче.

____________________не се роди поубаво девојче од Македонче.

# ЗАМЕНКИ

**Клучни зборови:**
заменки, лични заменки, род, број, лице




Заменките се зборови кои означуваат или посочуваат лица, предмети и појави.

Според значењето се делат на:

**1. Лични заменки**

**2.Лично-предметни заменки**

**3.Показни заменки**

### Лични заменки

Личните заменски фоми посочуваат на лица, суштества и предмети. Со нив се означува односот на учесниците во разговорот.

**Еднина**

Јас - лична заменка за прво лице, се однесува и посочува на лицето кое зборува.

Ти - лична заменка за второ лице , се однесува и посочува на лицето на кое му се зборува.

Тој, таа, тоа - лична заменка за трето, се однесува и посочува на лицето за кое се зборува.

Тој - лична заменка за трето лице, машки род

Таа - лична заменка за трето лице, женски род

Тој - лична заменка за трето лице, среден род

**Множина**

1. лице ние
2. лице вие
3. лице тие



Личните заменки се менливи зборови кои се јавуваат во различни форми.
Зошто се значајни личните заменки?

- Со употребата на личните заменки, нашиот текст или нашиот говор стануваат побогати и подобри. Личните заменки ни помагаат да не ги повторуваме истите именки. Не е убаво секогаш да ги започнуваме речениците со ист збор. На пример:

**Неправилно:**

Шарко и Ристина се другари. Шарко и Ристина се дружат. Ристина често го нервира Шарко кога ги брка овците. Шарко тогаш ѝ се лути и ја брка.

**Правилно:**

Шарко и Ристина се другари. Тие се дружат. Ристина често го нервира Шарко кога ги брка овците. Тој тогаш ѝ се лути и ја брка.



Шарко шета низ планината. Тој ги чува овците.



Ристина шета низ планината. Таа ги лови овците.



Детето ги сака Шарко и Ристина. Тоа секогаш со радост ги очекува.

**Ние ги сакаме Шарко и Ристина.**
**Вие ги сакате Шарко и Ристина.**
**Тие ги сакаат Шарко и Ристина.**



**<u>ЛАВ И ЛИСИЦА</u>**

Остарел лавот и не можел веќе сам, со својата сила, да си прибавува храна. Затоа решил да најде друг начин за ловење. Се повлекол во една пештера, се испружил таму и објавил дека е тешко болен. Така ги фатил и ги изел сите оние животни што дошле да го видат. Кога биле веќе многу ѕверки уништени, дошла и лисицата. Таа веднаш ја разбрала неговата итрина. Застанала подалеку од пештерата и го запрашала лавот како е, како се чувствува во болеста. Тој одговорил : "Лошо! Не сум арен. А ти зошто не влезеш?" Лисицата тогаш рекла: Јас ќе влезев ако не бев ги видела траговите од многуте животни што влегуваат во пештерата, а не видов ниеден што излегува од неа".

*- Езоп*

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

**Кои се главните ликови во оваа басна?**

Главните ликови во оваа басна се ______________________________

Каква итрина смислил лавот? ______________________________

Што се случило со животните кои дошле да го посетат? ______________________________

______________________________

Што направила лисицата? ______________________________

______________________________

Наравоучение ______________________________

______________________________

**Басна** е кратка творба во стих или проза со поучна содржина. Во неа луѓето и нивните карактеристики се претставени преку животни, растенија или предмети. Басните секогаш ни даваат некоја поука или наравоучение.

Пронајди ги личните заменки кои се појавуваат во текстот *Лав и лисица*.

______________________________

На кого се однесува личната заменка *јас*? ______________________________

На кого упатува личната заменка *таа*? ______________________________

На кого се однесува личната заменка тој? ______________________________

**Дополни ги започнатите реченици со соодветни заменки.**



Лавот објавил дека е болен. _____ остарел и не можел веќе да лови.



Животните од шумата слушнале за ____. _____ дошле да го посетат. _____ги изел сите. На крај дошла и лисицата.



____не сакала да влезе во пештерата. _____гледа траги само во правец накај пештерата. Во обратен правец, ______траги ги нема.





Лавот е најсилното животно. _____е крал на животните.



Другите животни се плашат од него. _____се плашат од него.



Лисицата е позната како Кума Лиска. _____ е многу итра.

- Подвлечи ги личните заменки во текстот!

**ЛЕСИ**

Доцна вечерта јас се враќав дома. Токму да влезам низ вратата, кога гледам нешто како сенка ми се плетка во нозете. Се наведнав и што да видам: едно мало кученце обраснато со мали кафеави влакна. Го кренав и благо му шепнав:

\- Ти ќе бидеш мое! Ти си мое!

Тоа трепна со своите очиња, како да сакаше да ми рече:

\- Јас сум твое.

Не знаев како се вика и затоа му реков:

\- Јас ќе те викам Леси! Ти си Леси! Отсега ние ќе бидеме пријатели.

Тоа се согласи трепкајќи со очињата и со јазичето и ми ја лизна раката.

\- Ти си гладно?- го прашав.- Прости ми, немам ништо за јадење, освен леб. А сув леб ти не можеш да јадеш. Ајде Леси, сега ќе спиеме, а утре, јас и ти ќе имаме богат појадок.

\- *Цане Андреевски*

## ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ

Показните заменки служат за посочување лица или предмети во однос на лицето кое зборува.

| | **Еднина** | **Множина** |
|---|---|---|
| посочуваат предмети и лица блиску до лицето кое зборува | посочуваат предмети и лица блиску до лицето кое зборува | Овие |
| Посочуваат предмети лица далеку од говорителот | Посочуваат предмети лица далеку од говорителот | Оние |
| За предмети и лица кои се блиску до соговорникот (внимавај, соговрник, не говорител) | За предмети и лица кои се блиску до соговорникот (внимавај, соговрник, не говорител) | Тие |

## СОГЛЕДАЈ

Показните заменки ТОЈ; ТАА; ТОА ТИЕ, имаат исти форми како и личните заменки за трето лице.



Воочи ја разликата.

Таа чита. → лична заменка

Таа жена чита. → показна заменка

- На празните места напиши ги показните заменки.

1. Денес го купив ____________ молив.
2. _________ книга ја добив како награда.
3. Со ____________ шестар работам на час по геометрија.
4. ____________ очила ги носела баба ми.
5. _____________ јаболка се многу вкусни.
6. Со ________________ чанта се служам три години.
7. Денес ги купивме _____________ круши.

- За секој предмет од твојата училница напиши по една реченица во која ќе употребиш показна заменка.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

## ЛИЧНО - ПРЕДМЕТНИ ЗАМЕНКИ

Лично-предметни заменки се **КОЈ**; **ШТО** и **ЧИЈ** и изведените форми од нив.
Според значењето и функцијата ги делиме на:
1. **Прашални** (се употребуваат за формирање прашални реченици)
2. **Односни** (се однесуваат на некој друг збор во реченицата)
3. **Одречни** (одрекуваат дека на некого или на нешто се однесува тоа што се искажува во реченицата)
4. **Неопределени** (укажуваат на непозната личност или предмет, или пак на непознати особини на именката на која се однесуваат)
5. **Општи** (упатуваат на сите лица, предмети или особини за кои се зборува).

| Прашални | |
|---|---|
| Еднина | Множина |
| Кој? Која?<br>Кое?<br>Чиј? Чија?<br>Чие?<br>Чии?<br>Што? | Кои? |

| Односни | |
|---|---|
| Еднина | Множина |
| Кој, која,<br>кое, Којшто,<br>којашто,<br>коешто,<br>Чиј, чија, чие,<br>чии | кои |

| Прашални | |
|---|---|
| Еднина | Множина |
| Секој, секоја,<br>секое, Сечиј,<br>сечија, сечие,<br>сешто | Секои<br>Сечии<br>/ |



| Одречни | |
|---|---|
| Еднина | Множина |
| Никој, никоја, никое<br>Ничиј, ничија, ничие<br>Ништо | Никои<br>Ничии |

| Неопределени | |
|---|---|
| Еднина | Множина |
| Некој, некоја<br>некое<br>Нечиј, нечија, нечие<br>Нешто | Некои<br>нечии |

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- На празните полиња напиши ја правилната прашална заменка.

_________ е оној човек?
_________ девојка е ќерката на тетка Маре?
_________ е она девојче?
_________ те викна тебе?
_________ ученици се отсутни?
_________ се случува?

- _________ дојде, ама јас не знам како се вика. Тој е оној _____многу ме исплаши. _______ слушнав за него. Многу страшни сказни, _______секогаш ме плашат. Среќа го имам Шарко! Тој е оној ________ сите ги брани. __________ сака да другарува со него. ___________ ќе рече, ама тој не е човек! Но, ________не е подобар другар од него. _______ и да ме нападне, тешко нему! Единствено, Ристина е онаа за _______ Шарко сите ги заборава. Ама, вечерва, иако Ристина го повикуваше со својот глас на силна рисица, тој не беше расположен за ___________ да ме остави. Го почувствува мојот страв и _________ правеше за да ме орасположи. Среќен е оној ______ другар е Шарко! А покрај Шарко, и Ристина, иако таа е онаа ______ е многу дива!

### Лично-повратна заменка

Себе, се
себе, си
Лично-повратната заменка е иста за сите лица.

| Јас | ја | чешлам | Марија. |
|---|---|---|---|
| ↓ | | ↓ | ↓ |
| вршител на дејство | | дејство | трпител на дејството (член во реченицата врз кој се врши дејството) |

Се чешлаш.
↓ ↓
себе си — дејство
↓
Кој се чешла? Јас



Кого чешлаш? Себе си, ти сам се чешлаш (сам себе си). Ти го вршиш дејството и ти го трпиш дејството.



- Со наведените глаголи напиши реченици. Употреби ја лично-повратната заменка.

Средува ______________________________

Мести ______________________________

Чешла ______________________________

Мие ______________________________

Бања ______________________________

Стриже ______________________________

Брише ______________________________

# ЗАМЕНСКИ ФОРМИ ЗА ДИРЕКТЕН И ИНДИРЕКТЕН ПРЕДМЕТ

**Клучни зборови:**
долги и кратки форми, директен и индиректен предмет

Заменките укажуваат на лица, предмети кои директно или индиректно ги посочуваат.

Личните заменки имаат **долги** и **кратки форми** за **директен** и **индиректен предмет**.

Да ѝ ја кажам ли идејата?



Што ли да му напишам?



# ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ

| Број | Лице | | Подмет | Директен предмет | | Индректен предмет | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | долга | кратка | долга | кратка |
| Еднина | I | | Јас | мене | ме | мене | ми |
| | II | | Ти | тебе | те | тебе | ти |
| | III | м.р. | Тој | него | го | нему | му |
| | | ж.р. | Таа | неа | ја | нејзе | ѝ |
| | | с.р. | Тоа | него | го | нему | му |
| Множина | I | | Ние | Нас | нé | нам | ни |
| | II | | Вие | Вас | ве | вам | ве |
| | III | | Тие | Нив | ги | ним | им |

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Подвлечи ги зборовите кои одговараат на прашањата кому/што, и замени ги со зборовите го, ја, им.

Јована пишува задача. Јована___________пишува.
Леви гледа филм. Леви___________гледа.
Лаура им носи вода на родителите. Лаура___________носи.
Анабела брише табла. Анабела___________брише.
Алекс остри молив. Алекс ___________остри.

- Дополни ги речениците со соодветни форми на личните заменки.

Јас ја слушам мама. Мама ќе________пофали.
Ти не ја напиша домашната. Тато ќе________се налути.
Тој не ја поздрави баба. Баба________искара.
Таа освои прво место. Претседателот________пофали.
Ние секогаш сме вредни. Резултатите________се добри.
Вие сте умни деца. Сите ________ сакаат.
Тие играат топка. Чичкото________ ја одзеде.

- Состави реченици од дадените зборови.

Го, моето, јас, сакам, училиште.

___________________________________________

Крај, го, мојот, сакам, роден.

___________________________________________

Е, мојот, тој, другар, најдобар.

___________________________________________

Сака, да, Ева, фотограф, биде.

___________________________________________

Шета, обожува, Адам, да.

___________________________________________



- Дополни ги реченицитe со кратки заменски форми за директен и индиректен предмет.

Анастасија _________ слуша родителите. (нив)
Сонцето___________ огреа градот. (него)
Тијана _____________ чешла косата. (неа)
Филип ______________ изгреба. (мене)
Јана ____________ нацрта. (тебе)
Софија ______ нацрта убав цртеж. (нам)
Кико____ донесе топка. (вам)

- Дополни го текстот со заменски форми.

___ и Роман играме топка. ____ е многу добар фудбалер. ____ секогаш се радуваме кога играме во ист тим. ____ тренира веќе две години, а ____ една. Нашите родители секогаш ___ велат да бидеме редовни на тренинзите.
Топката често ___ оди во градината на баба Пале. ___ постојано ___ се лути и ___ се заканува дека ќе ___ ја дупне топката. Ама, сепак, ___ ___ сакаме баба Пале. Кога не е лута, ___ ни дава колачи. ___ ___ прави самата. ____ често ___ посетува ќерка ___ тетка Влатка. ____ ___ има најубавата кола на цел свет. ____ есто нѐ вози во неа. ___ возиме цело Скопје. Луѓето ___ гледаат, и ___ мафтаат со рацете. ____ Се радосни, и ___ сме радосни.



- Именувај ги предметите во твојата училница. Потоа употреби ја соодветната заменка за нив.
- Поделете се по двјца во група и разговарајте за трето лице или група трети лица, или за некоја конкретна тема. Употребувајте ги личните заменки.

# ПРИДАВКИ

**Клучни зборови:**
придавки, карактеристики, описни, односни, материјални, присвојни, заменски



Ти врапче си, **малечка**, а многу **весела** птица. Постојано си џивкаш. Зар не те плаши **студенава** зима?
Ме плаши и затоа си **џивкам**. Да ме слушнат **добрите** дечиња, да се смилуваат и да ми фрлат **ситни** трошки за да преживеам. Знам дека тие имаат **големи** срца. А, ти, зајко, како преживуваш?



За среќа **вредните** градинари оставиле по некоја **сочна** зелка во градините, па јас со **остриве** заби слатко ги грицкам. Понекогаш делкам и кора од некое **младо** дрвце.



**Каква птица е врапчето?**

Врапчето е малечка и весела птица.

**Каква е зимата?**

_______________

**Какви се дечињата?**

_______________

**Какви трошки му требаат на врапчето?**

_______________

**Какви срца имаат дечињата?**

_______________

**Какви градинари оставиле зелка?**

_______________

**Со какви заби, зајкото слатко ги грицка зелките?**

_______________

**Од какво дрво делка зајко кора?**

_______________

Погоре истакнатите зборови означуваат карактеристики на предметите, суштествата, појавите и поимите. Тие зборови се викаат **придавки**.

- Придавката секогаш стои до именката. Таа не се употребува самостојно, туку со именката, и ги определува својствата на тоа што се именува со именката.



| | | | |
|---|---|---|---|
| зелена | голема | дрвена | моја |
| кафена | убава | метална | твоја |
| долга | прва | училишна | наша |

Според своето значење придавките можат да бидат:

**ОПИСНИ** – оние што ги опишуваат предметите и суштествата.
Пример: зелена, кафена, долга, убава..... – клупа.

**ОДНОСНИ** – оние што упатуваат на друг предмет и суштество.
Пример: училишна, дрвена., метална, метална... – клупа.

**БРОЈНИ** – го означуваат односот на предметите по ред.
Пример: прва, трета, петта.... – клупа.

**ЗАМЕНСКИ** – означуваат присвојно својство, имаат показно и квалитативно значење.
Пример: моја, твоја, наша, ваша... – клупа.



- Напиши по две реченици од сите видови придавки.

- Опиши средба со твоето драго другарче. При опишувањето користи ги следниве зборови, именки, на кои ќе им ги додадеш описните зборови придавките, што се во заграда.

Другарче (високо, слабо, дебелко, добро, верно, палаво, умно)
Средба (пријатна, весела, искрена, кратка, долга)
За момчињата – фудбал (мал, интересен, возбудлив)
За девојчињата – кукла (мала, голема, шарена, бела, црна)
Сладолед (голем, сладок, вкусен, ладен)

- Во празните квадратчиња, нацртај по еден предмет. На празните линии под квадратчињата напиши по една реченица која ќе се однесува на тоа што ќе го нацрташ. Употреби придавка во секоја реченица.



## ЗАКЛУЧИ

- Дали подолу наведените примери се точни. Поправи ги грешките.

Сина небо ______________________________

Жолта маси ______________________________

Дрвената масата ______________________________

Градската автобус ______________________________

Маминот блуза ______________________________

**Забележуваш** - придавките исто како и именките имаат три граматички категории род, број и определност. Граматичките категории кај придавките се исти со именката што ја опишуваат.

Спореди!

Сино небо



Среден род

Дрвена маса



Женски род

Син стол



Машки род

Сини очи



множина

## ДА ПОВТОРИМЕ

Придавките се несамостојни и менливи зборови. Родот и бројот зависат од именката до која стојат.



| | Машки род<br>Каков | Женски род<br>Каква | Среден род<br>Какво |
|---|---|---|---|
| ЕДНИНА | Син<br>Убав<br>Дрвен | Сина<br>Убава<br>Дрвена | Сино<br>Убаво<br>Дрвено |
| | Чиј | Чија | Чие |
| | Градски<br>Мамин<br>Татков<br>Дедов<br>Училишен | Градска<br>Мамина<br>Таткова<br>Дедова<br>Училишна | Градско<br>Мамино<br>Татково<br>Дедово<br>Училишен |
| МНОЖИНА | Какви | Какви | Какви |
| | Сини<br>Убави | Сини<br>Убави | Сини<br>Убави |
| | Чии | Чии | Чии |
| | Мамини<br>Училишни | Мамини<br>Училишни | Мамини<br>Училишни |

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Дополни ги празните линии со придавки. Внимавај на родот и бројот.

| Машки род | Женски род | Среден род |
|---|---|---|
| Еднина | | |
| Сончев ден<br>__________ збор<br>__________ молив<br>__________ камен<br>__________ ветер | ____________приказна<br>_____________земја<br>_____________лажица<br>_____________маса<br>Пластична чаша<br>____________ чинија | _____________ знаме<br>_____________ село<br>_____________ дете<br>Волшебно тркало<br>_____________ море |
| Множина | | |
| _________ градови<br>Златни прстени<br>___________ камења<br>___________петли | Градски улици<br>____________врати<br>____________слики<br>____________вазни | ____________цвеќиња<br>____________огледала<br>____________ места<br>Автомобилски тркала |

- Напиши што повеќе придавки до именките.

Мајка ______________________________________________

Цвет ______________________________________________

Облак ______________________________________________

Шарко ______________________________________________

Ристина ______________________________________________

Училиште ______________________________________________

Тетратка ______________________________________________

Ученици ______________________________________________

Круши ______________________________________________



# СТЕПЕНУВАЊЕ НА ПРИДАВКИТЕ

**Клучни зборови:**
степенување на придавките, позитив, компаратив, суперлатив, претставки нај-, по-пре-

Подвлечи ги придавките во следниот текст.

...Тоа е една стара добра приказна. Далеку некаде, преку зелени ливади и високи планинии, преку бистрите реки, сините мориња, бучните градови и широките села, во еден дворец живее мудриот старец кого го викаа Волшебникот.
Тој одгледува бели лалиња и сребрени славејчиња. Најголемата љубов на Волшебникот се малите деца. Затоа ноќе неуморно го разубавува детскиот сон.

Баба е висока планина.
Шар Планина е повисока планина од Баба.
А, пак, Кораб е највисока планина од сите нив.

| висока | повисока | највисока |
|---|---|---|
| ↓ | ↓ | ↓ |
| Позитив | компаратив | суперлатив |

**Согледај**
Следните придавки, обиди се да ги степенуваш. Кој вид придавки можат да се степенуваат?

Зелен, црн, дрвен, убав, тенок, пластичен, училишен, мил, сладок, светлозелен, малечок, мирен, тркалезен, компјутерски, ткаен

Сигурно забележа дека можат да се степенуваат само ОПИСНИТЕ придавки.

**Компаративот** се образува со додавање на претставката **по-** на описните придавки.

По + мирен ___________________________
По + убав ___________________________
По + тенок ___________________________

**Суперлативот** се образува со додавање на претставката **нај - на описните придавки.**

Нај + мирен ___________________________
Нај + убав ___________________________
Нај + тенок ___________________________



Покрај претставката **нај-** се користи и **пре-**, но не многу често.

Пре + мирен ________________________

Пре + убав ________________________

Пре + тенок ________________________

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Степенувај ги следните придавки.

Блед ________________________________________________

Среќен ______________________________________________

Мирен _______________________________________________

Лесен _______________________________________________

Добар _______________________________________________

Смешен ______________________________________________

- Од наведените именки образувај придавки:

Злато, железо, стакло, дрво, сребро, кожа, пластика, свила, гума, град.

# ГЛАГОЛИ

**Клучни зборови:**
глаголи, менливи зборови, работа, состојба, дејство

Поврзи ги наведените именки со зборовите кои означуваат работа која наведените именки можат да ја извршуваат.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ползи | | Ползи |
| | Скока | | Скока |
| | Трча | | Трча |
| Баба | Јаде | Бебе | Јаде |
| | Игра | | Игра |
| | Меси | | Меси |



Глаголите се зборови што означуваат:

**Работа** – движење

**Состојба** – се случува нешто, ама нема движење

**Дејство** – случување во природата

Таа вози велосипед.



Наведи зборови кои означуваат работа

вози, плете, трча ________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Наведи зборови кои означуваат состојба

Спие, гледа, слуша, чита ________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Наведи зборови што означуваат дејство

Свети, грми, вее, снежи, ________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Внимателно прочитај ги следните реченици:

Ристина месо јаде.

Шарко птици брка. (да се пречкрта со црвен икс)

- Зошто овие примери не се правилни? Како треба да бидат правилно напишани.

____________________________________________________________________________

- Спореди ги следниве примери:

Пишување домашна задача.

Пишувам домашна задача.

Дали во првиот пример знаеме кој и кога пишува? ______________________________

Дали во вториот пример знаеме кој и кога пишува? _____________________________

КОЈ пишува домашна задача? ШТО ПРАВАМ?

Вршителот на дејството не е искажано, ама лесно можеме да го одредиме. Искажи го со лична заменка.

_______________пишувам домашна.

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО ЗНАЕЊЕ

Глаголите означуваат дејство. Тие го означуваат и _____________ во кое се врши дејството. Дејството може да се врши во ___________________ , сегашно и ______________ време. Според тоа кај глаголите разликуваме СЕГАШНО, МИНАТО и ИДНО време.



# СЕГАШНО ВРЕМЕ

**Клучни зборови:**
миг на зборување, сегашност

1. Одговори на прашањата.

Што правиш сега?______________________

Што прави мама? ______________________

Што прави тато? ______________________

Дејството што се случува во мигот на зборувањето се нарекува **СЕГАШНО ВРЕМЕ.**

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1. лице | Јас пишувам | 1.лице | Ние пишуваме |
| 2. лице | Ти пишуваш | 2.лице | Вие пишувате |
| 3. лице | | 3.лице | Тие пишуваат |
| машки род | Тој пишува | | |
| женски род | Таа пишува | | |
| среден род | Тоа пишува | | |

- Употреби го глаголот ОДИ во речениците во кои дејството се одвива во сегашно време.

Јас сега _____________ на час по македонски јазик.

Ти сега ________________ во театар.

Петар сега ________________ во град.

Ние сега ________________ во библиотека.

Вие сега ______________ во Зоолошка градина.

Тие сега _______________ во музеј.

- Поправи ги грешките во следниве реченици.

Јас многу сакаш да учам македонски јазик. И Тино многу сакам. Ние двајцата секогаш со радост одите на часовите. И другите ученици многу сакаме да учат македонски јазик.
Професорката секогаш ни велам:
Мајчиниот јазик мора да го знаат. Кога ќе одите во родниот крај, треба да можеш да зборувам со роднините. Кирилицата е наше писмо и вие мораме да го познаваш.

______________________

______________________

Во следнава песна, подвлечи ги глаголите кои се во сегашно време.

Мила моја мамо!
Ти си сонце што ме грее,
ти си тоа што не можам да го кажам.
Ти си тоа што постои во моето срце,



ти си мојата прва љубов, МАМО.
Ти си моето најсакано нешто,
ја барам твојата топлина во твоето срце,
ја барам твојата топла прегратка, ја барам твојата топла рака
за да ме погали нежно.
Ја чувствувам твојата болка,
кога не си до мене.
Те сакам, мила моја мамо!
*- Кристина Пефкева, 7-а*
*ООУ „Маршал Тито" – Струмица*

- Постави прашања во кои глаголот ќе биде во сегашно време.

___

___

___

___

___

- Прочитај ги внимателно речениците. Состави прашања за речениците. Прашањето нека се однесува на означените зборови.

А) **Ние** секогаш се враќаме во Скопје.
**КОЈ** секогаш се враќа во Скопје?

Б) Ние **секогаш** се враќаме во Скопје.

___

В) Ние секогаш **се враќаме** во Скопје.

___

Г) Ние секогаш се враќаме **во Скопје.**

___

Д) **Мама** ја прави најубавата торта.

___

Ѓ) Мама **ја прави** најубавата торта.

___

Е) Мама ја прави **најубавата** торта.

___

Ж) Мама ја прави најубавата **торта**.

___

- **Пронајди ги глаголите во следниот извадок од романот „Доктор Офболи", од Корнеј Чуковски и замени ги во сегашно време.**

Си живееше еден доктор. Беше добар, предобар. Се викаше Офболи. Тој имаше зла сестра, а таа се викаше Варвара. Од сè на светот докторот најмногу ги сакаше животните. Во неговата соба живееја зајаци. Во шифоњерот живееше верверичка. Во креденецот – врана. На каучот живееше боцкавиот еж. А неговата лоша сестра, Варвара, многу му се лутеше на својот брат дека во собата чува толку животни...



# МИНАТО ВРЕМЕ

**Клучни зборови:**
минатост, време

**МАРКО И ДАРКО**

Марко многу ги сакаше животните. Уживаше кога одеа во посета на Зоолошката градина. Но, Марко имаше и една многу голема желба. Најмногу од сѐ посакуваше да има домашно милениче – кученце. Еден ден, додека се враќаше дома со татко му, во близина на влезот од зградата, Марко слушна тивко цивкање. Се сврте лево, па десно. Но, не можеше да открие од каде доаѓа звукот.

- Го слушаш ли ова, тато? – праша.
- Го слушам, но од каде доаѓа? Ајде да побараме...и веднаш тргнаа во потрага.

*Извадок од детското списание „Росица“*

- Пронајди ги зборовите кои означуваат глаголско дејство и подвлечи ги со две линии.

Кога се случува глаголското дејство во расказот „Марко и Дарко“?

___

| Марко многу ги сака животните | Марко многу ги сакаше животните. |
|---|---|
| Напиши глаголска форма која искажува дејство во сегашно време.<br>___ | Напиши глаголска форма која искажува дејство во минато време.<br>___ |

Минато време е глаголска форма која се употребува за искажување дејства кои се случувале пред мигот на зборувањето.

- Одговори на прашањата.

Кого сакаше Марко? ___

Каква желба имаше Марко? ___

Што се случило еден ден? ___



| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1.лице Јас сакав<br>2.лице Ти сакаше<br>3.лице Тој сакаше | 1.лице Ние сакавме<br>2.лице Вие сакавте<br>3.лице Тие сакаа |

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Пополни ги празните места во табелата со соодветните граматички форми.
- Ја забележуваш ли разликата во наставките?

| Еднина | | Множина | |
|---|---|---|---|
| 1.лице Јас играм<br>2.лице Ти _______<br>3.лице Тој, таа, тоа игра | Јас играв<br>Ти ________<br>Тој, таа, тоа играше | 1.лице Ние играме<br>2.лице Вие играте<br>3.лице Тие _______ | Ние игравме<br>Вие _________<br>Тие _________ |
| Сегашно време | Минато време | Сегашно време | Минато време |

- Во продолжението од претходнитниот извадок „ Марко и Дарко“, подвлечи ги глаголските форми во минато време.

„...Во грмушките пред зградата најдоа свиткано мало кученце. Кутрото се тресеше од студ, страв и од глад. Марко веднаш се натажи кога го виде и го зеде в раце. Кученцето се припи кон него и престана да цивка. Тогаш Марко со молежливи очи погледна кон татко му:

- Тато...може ли да го земеме?

- Но, каде ќе го чуваме? – го праша татко му.

- Тато, јас ќе се грижам за него. Дури порасне малку, а потоа заедно ќе му направиме една убава куќарка пред зградата. Може ли? Те молам ...“

- Празните полиња пополни ги со глаголи во минато време.

Тино _________(се шета) низ Турската чаршија во Скопје. Тука ________ (сака) да ги запознае старите занаетчии за чиј мајсторлак _________ (слушаше) од баба му. Таа често му _____________ (раскажува) за нејзиното детство во Маџир маало. Бидејќи Маџир маало, _________(е) блиску до Турската чаршија, таа често таму се _______ (шета).

- Обиди се крајниот извадок од расказот „Марко и Дарко“, да го прераскажеш во идно време.

....Таткото на Марко размислуваше...Гледаше, де во кученцето, де во Марко. По неколку минути размислување рече:

- Добро, но само додека потпорасне... – уште недоречен татко му, Марко веќе беше му се фрлил во прегратки заедно со малото крзнено црно топче.

- Ти благодарам, тато! Ова е мојот најубав роденденски подарок! – се радуваше Марко, па почна да му зборува на кученцето:

- Утре ми е роденден. Ти си мој подарок и затоа ќе те викам Дарко. Марко и Дарко!

- Ајде, да му дадеме на Дарко нешто да јаде. А и Марко некако гладен ми изгледа – се насмеа татко му и и сите заедно влегоа во зградата.





# ИДНО ВРЕМЕ

**Клучни зборови:**
иднина, глаголско време,
честичката ќе

**<u>Раѓање на најубавата песна</u>**

За да ја напишам
најубавата песна на светот
од тревките
ќе ја земам нежноста,
од мајкте
добрината.
Во таа најубава песна на светот
Ќе ја откријам тајната на школките
Кои како неотворени детски срца
Лежат расфрлани во песокта,
На плажите.
Во таа сѐ уште невидена
Во таа непрочитана
Најубава песна во светот.
Ќе пејам
И за волшебноста на месечевата изгревка
Но, најмногу ќе пејам
За убоста на детската насмевка.

*- Васе Тодоров - Шлеговец*



Ќе ја земам нежноста,
Ќе ја откријам тајната на школките.
Ќе пејам.

**ИДНО ВРЕМЕ**

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1. лице  Јас ќе пејам | 1. лице Ние ќе пееме |
| 2. лице Ти ќе пееш | 2. лице Вие ќе пеете |
| 3. лице Тој ќе пее, таа ќе пее, тоа ќе пее | 3. лице Тие ќе пејат |



Идно време означува глаголска форма чие дејство се одвива по мигот на зборувањето.
Идно време се образува со **честичката ЌЕ** и глаголска форма во **сегашно време**.

ЌЕ + ПЕЈАМ = ИДНО ВРЕМЕ

↓ ↓

ЧЕСТИЧКА СЕГАШНО ВРЕМЕ

## СО ШАРКО И РИСТИНА ОД НАУКА

- Прочитај ја уште еднаш песната Раѓање на најубавата песна и подвлечи ги глаголите кои означуваат идно време. Не заборавај – подвлечи ги со две хоризонтални линии!
- Дополни ги речениците:

Шарко ________ трча утре цел ден низ Шар Планина.
Ристина ________ го следи.
Марко _________ ги слика.
Билјана ________ ги нарани.
Ирена _______ им донесе вода.

- Препиши ги следните речениците, менувајќи ги истакнатите глаголи во идно време.

Шарко постојано се вози со Марко во неговиот автомобил.

______________________________________________

Ристина лови лисица.

______________________________________________

Тој убаво пишува.

______________________________________________

Кико оди во Битола.

______________________________________________

Ева се шета низ Широк сокак.

______________________________________________

Андреа го посети Македониумот во Крушево.

______________________________________________

- Доврши ги речениците. Напиши што ќе прават тие.

Шарко ______________________________________________
Ристина ______________________________________________
Марко ______________________________________________
Даниела ______________________________________________
Тања ______________________________________________
Тој ______________________________________________
Јас ______________________________________________

- Прочитај што ќе бидат тие кога ќе пораснат. Напиши кои ќе им бидат задолженијата.

Тој ќе биде професор. Тој ќе ги учи децата. Тој ќе пишува книги. Тој ќе предава лекции на час.
Кико ќе биде фудбалер. ______________________________________________
Анабела ќе биде продавачка. ______________________________________________



Ева ќе биде манекенка. ______________________________

Софија ќе биде научник. ______________________________

Јована ќе биде актерка. ______________________________

# ЗАПОВЕДЕН НАЧИН

**Клучни зборови:**
заповед, молба, наредба, начин

Опиши ги сликите.







Што мислиш кој е нивниот соговорник?

Каква е нивната комуникација? Дали тие разговараат мирно или, пак, се караат?

Доколку тие бараат нешто или молат некого за нешто, дали е тоа направено на убав начин, тивко, мирно и културно, или, пак, со кавга и закана.

Запишете ги сите ваши идеи на табла, а најдобрата и најточната, запиши ја на лините подолу.

Кога со глаголот искажуваме заповед, молба или наредба, ги употребуваме формите на **ЗАПОВЕДЕН НАЧИН.**



## СОГЛЕДАЈ

| | |
|---|---|
| Милан, те молам, дај ми го моливот.<br>Сара, дај ми го моливот!<br>Дајте ми ги вашите моливи.<br>Ве молам, дајте ми ги вашите моливи. | Стефан нека ми го даде моливот.<br>Зоран да ми го даде моливот. Сега!<br>Го замолувам Игор, да ми го даде учебникот.<br>Игор и Стефан да ми ги дадат нивните моливи.<br>Игор и Стефан нека ми ги дадат нивните моливи. |
| ДИРЕКТНА ЗАПОВЕД | ИНДИРЕКТНА ЗАПОВЕД |

**Директната заповед** ја користиме кога му се обраќаме директно на лицето со кое зборуваме. Директната заповед се употребува само во второ лице еднина и множина.

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1.лице /<br>2.лице –ј (читај)<br>3.лице/ | 1.лице /<br>2.лице –јте (читајте)<br>3.лице / |
| 1.лице /<br>2.лице –и (плети)<br>3.лице/ | 1.лице /<br>2.лице –ете (плетете)<br>3.лице / |
| ДИРЕКТНА ЗАПОВЕД | |

**Индиректната заповед** ја користиме кога не му се обраќаме директно на лицето на кое му зборуваме, односно, кога му велиме на некој друг да ја пренесе молбата или заповедта на лицето на кое му се обраќаме. На пример, кога ти ја замолуваш за нешто мама да го праша тато.

*Мамо, те молам, речи му на тато да ми купи тротинет.*

Индиректната заповед се употребува само во трето лице еднина и множина.

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1.лице /<br>2.лице /<br>3.лице да купи<br>нека купи | 1.лице /<br>2.лице /<br>3.лице да купат<br>нека купат |

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Препиши ги речениците во заповеден начин (директен и индиректен начин).

Стефан носи капа.

___

Лариса пие млеко.

___

Петар јаде тост.

___



Шарко трча со Ристина.

Ристина го брка Шарко.

Шарко игра со топка.

Ристина спие под круша.

Маја учи македонски јазик.

Леонора пишува задача.

Јована бои модели.

- Поделете се во група по тројца и напишете дијалог на тема „Молба или заповед“. Секоја група нека го презентирајте својот дијалог пред останатите ученици и наставничката.

# РЕЧЕНИЦА

**Клучни зборови:**
проста реченица, сложена реченица, глагол, мисла

1. Мила пишува.
2. Малата Мила пишува.
3. Малата Мила пишува со мама.
4. Ветер дува.
5. Момчето игра.

Прочитај ги речениците и определи од колку членови се составени?

**Реченица** е една завршена мисла кажана или напишана со зборови.

Според составот реченицата може да биде:
1. **Проста реченица** – во неа има само еден прирок
2. **Сложена реченица** – во неа има два или повеќе прирока.

Речениците што се составени од подмет и еден прирок се **прости реченици**.

ПРИМЕР:
Лина црта убаво.
Тијана е убава.
Наталија се смее.

| **Мила пишува** | |
|---|---|
| **Мила** | **пишува** |
| именка | глагол |
| подмет | прирок |



- Обиди се сам да напишеш пет прости реченици. Провери ги со своето другарче.

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

# ГЛАВНИ РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ

## ПОДМЕТ И ПРИРОК

# ПОДМЕТ

**Клучни зборови:**
вршител на дејство,
подмет, именка, заменка

Роман игра. КОЈ игра? ______________________________



Мила бои вазна. КОЈ бои вазна? ______________________________



Куќата е убава. ШТО е убаво? ______________________________



Песните ги смируваат луѓето. ШТО ги смирува луѓето? ______________________________



**Подметот** во реченицата е оној збор кој одговара на прашањата КОЈ или ШТО. Подметот го означува вршителот на дејството.

Подметот не секогаш е искажан во реченицата, но, сепак, многу лесно можеме да заклучиме од останатите зборови во реченицата кој збор ни недостасува во улога на подмет,

Во следниве примери, обиди се да го определиш подметот, иако е изоставен.

Учиме вредно на часовите по македонски јазик. ______________________________
Брзајќи, го изгубив мојот паричник. ______________________________
Се сретнаа вчера и не се поздравија. ______________________________



Подметот може да биде искажан со еден збор, но во негова функција може да се појават и повеќе зборови. Согледај го тоа во следните примери.

Ти секогаш раскажуваш убави сказни.
Јас, Ана и Адам сме одговорни за одделението.
Јас, ти и таа ќе патуваме утре заедно.

Оттука заклучуваме, во улога на подмет можат да се јават именките и заменките.

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Поврзи ги правилно зборовите од колоната на левата страна со зборовите од колоната на десната страна. Со правилно поврзување ќе добиеш цели речници.

| | |
|---|---|
| Дедо | црта |
| Шарко | лови |
| Ристина | коси |
| Детето | свети |
| Месечината | лае |

- Определи го субјектот во следниве реченици. Употребувај заменки.

| | |
|---|---|
| Слушам.________________________________ | Редовно доаѓа.____________________ |
| Пишуваш ли?____________________________ | Чекаа еден час.____________________ |
| Скокавме цел ден. ______________________ | Се најдовте ли?____________________ |

- Дополнете ги речениците во кои е изоставен подметот. Употребувајте именки и заменки.

| | |
|---|---|
| __________ игравме фудбал. | Се вративме __________________. |
| __________ истражував. | Падна ________________________. |
| __________ пееше. | Се удрија _____________________. |
| __________ готвеа. | Пристигна _____________________. |

- Препиши ги следните реченици, изоставувајќи го подметот.

Таа и Билјана го посетија Скопје.

______________________________________________________________

Шарко ја бркаше Ристина низ цела Шар Планина.

______________________________________________________________

Јас ја сретнав Елица.

______________________________________________________________

Ние задоцнивме на прославата.

______________________________________________________________

Сонцето ги поцрне телата на неуморните копачи.

______________________________________________________________

Дали тие дојдоа?

______________________________________________________________

Кучето го изеде месото.

______________________________________________________________



- Во следниот текст подвлечи го подметот. Подметот подвлекувај го секогаш со една хоризонтална линија.

Шарко многу сака да трча низ падините на Шар Планина. Тој уживаше во својата задача – да се грижи за овците и нивната безбедност. Гладниот волк често доаѓаше до нивното трло, сакајќи да се почести со една од нивните овци. Шарко го чувствуваше неговиот мирис. Тој се исправаше и со силен лавеж испраќаше закана. А волкот? Е, тој тогаш исплашен целиот натажен си заминуваше.

# ПРИЛОШКИ ОПРЕДЕЛБИ ЗА МЕСТО

**Клучни зборови:**
глагол, место, време, начин, прилошка определба



Децата трчаат во **паркот**. КАДЕ трчаат децата?

______________________________



Децата трчаат низ **градот**. КАДЕ трчаат децата?

______________________________

Софија и Јана летуваат во Охрид.
**КАДЕ** летуваат Софија и Јана? ______________________________

Софија и Јана се враќаат од Охрид.
**ОД КАДЕ** се враќаат Софија и Јана? ______________________________

Софија и Јана одат во Охрид.
**КАДЕ** одат Софија и Јана? ______________________________

| КАДЕ | ОД КАДЕ | НА КАДЕ |
|---|---|---|
| Тука<br>Таму<br>Ваму | Оттаму<br>Од ваму<br>Оттука | Натаму<br>Навака<br>Наваму<br>Натака |



Подвлечи ги зборовите кои го определуваат местото каде се врши дејството.



Адам е роден во Скопје.

Каде е роден Адам?

___

Каде живееш ти?

___

Каде си роден ти?

___

Каде живеат баба ти и дедо ти?

___



Зимувам на Шар Планина.

Каде одиш ти за време на зимските одмори?

___

___

Каде најмногу сакаш да одиш?

___

___



Филип се враќа од стадион. Денес Вардар победи. Сега тој оди накај Националната галерија.

Од каде се враќа Филип?

___

На каде оди сега Филип?

___

Од каде се твоите родители?

___

# ПРИЛОШКИ ОПРЕДЕЛБИ ЗА ВРЕМЕ

**Клучни зборови:**
време, денес, задутре, порано, подоцна, лани, годинава



Прилошката определба за време го определува времето кога се извршило глаголскот дејство.

Дарко и Гоце беа вчера во театар.

**КОГА** беа Дарко и Гоце во театар? ____________________

<u>Прилошки определби за време се:</u> **сега, денес, веднаш, утре, лани, годинава, како и многу други.**

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Во следниве реченици подвлечи ги зборовите кои го определуваат времето кога се извршило глаголското дејство.

Лани го посетивме Куклице.

Сега не можам да дојдам.

Подобро некогаш, отколку никогаш.

# ПРИЛОШКИ ОПРЕДЕЛБИ ЗА НАЧИН

**Клучни зборови:**
лесно, добро, тешко,
мачно, радосно, заедно

Прилошката определба за начин го определуваначинот на кој се извршува глаголското дејство.

Заедно патувавме до Струга.

КАКО патувавме до Струга? ____________________

Избела тешко ја поднесе разделбата.

КАКО ја поднесе Изабела разделбата? ____________________

- Во следниве реченици подвлечи ги зборовите кои го определуваат начинот како се извршило глаголското дејство.

Дејан брзо ги врза патиките.

Ветерот тешко дуваше.

Радосно го поздравивме.

Жално плачеше мачето.



# ПРИЛОШКИ ОПРЕДЕЛБИ ЗА КОЛИЧЕСТВО

**Клучни зборови:**
многу, малку, доволно, бескрајно

Прилошките определби за количество го определуваат количеството на дејството што се извршува.

Иво многу ја сака сестра си.
КОЛКУ ја сака Иво сестра си? ________________________________________________
Петпати ја пишувам задачата.
Колку пати ја пишував домашната? ____________________________________________

● Во следниве реченици подвлечи ги зборовите кои го определуваат количеството на извршеното глаголско дејство.

Илјадапати ти реков, ама не слушаш.
Само малку ми требаше да тргнам.
Безгранично верувам во сестра ми.

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

● Напиши ги следните зборови на празните места: лесно, вчера, дома, многу, малку, сега, вака, школо, догодина, тивко, илјадапати, Штип.
Време __________ ______________ _______________
Место ___________ _______________ ________________
Начин ___________ ________________ ________________
Количество __________ ______________ _______________

● Дополни ги следните реченици со зборовите: од вчера, заедно, лесно. многу
Ристина ______ сака да си игра. Ама Шарко ______ и е лут. Ристина сака ________ да си играат. Шарко не се смирува __________.

● Состави реченици со наведениве зборови кои ќе ги употребиш како прилошки определби за место.

| **КАДЕ** | **НА КАДЕ** | **ОД КАДЕ** |
|---|---|---|
| Дома | накај дома | од дома |
| Кино | накај тебе | од кино |
| Стадион | накај стадион | од стадион |
| Нива | накај нива | од нива |



- Пополни ги празните места во табелата

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| сабота | | понеделник | вторник | |
| | вчера | | | задутре |

- Сега според табелата пополни ги празните места во речениците.

Денес е ______________. Утре е ______________. Задутре е ___________, и јас имам тренинг. Вчера беше ______________, па фамилијарно бевме на излет. Завчера беше ____________ и имав, исто така, тренинг.

- Дополни ги речениците според запишаните прилошки определби за време.

______________________________ пред час.
______________________________ за саат време.
______________________________ вчера.
______________________________ 15.00.
______________________________ пред месец дена.
______________________________ за година дена.
______________________________- за време на ручек.
______________________________ на математика.

- Состави реченици со следниве прилози: сега, зимоска, во Крани, кај мајка ми, убаво, вредно, многу, килограми, малку, по завршетокот на филмот, лизгалиште, пред малку и определи го нивното значење.

- Во следните реченици пронајди ги прилошките определби за начин и количество. Не заборавај – тие се наоѓаат на прашањето КАКО и КОЛКУ. Подвлечи ги со брановидна хоризонтална линија.

Внимателно го сослушав Петар.
Лесно го одговорив неговите прашања.



Кратко траеше мојата радост.
Ограничено можев да читам, бидејќи ме болеа очите.
Заедно направивме сè.
Тон еден тежи твојата лага.

- Напиши што повеќе зборови кои ќе ги опишат следните глаголски дејства:

Чита ______________________________

Работи ______________________________

Јаде ______________________________

Зборува ______________________________

Носи ______________________________

Прашува ______________________________

- Состави реченици во кои ќе го определиш глаголското дејство според време, место, начин и количество. Употреби ги следните прилошки одредби: Зоолошка градина, вечерва, внимателно, неспретно, тешко, многу, малку, станица, авион, утринава, пред пет минути.

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

# СИНОНИМИ

**ЗБОРОВИ СО ИСТО ИЛИ СЛИЧНО ЗНАЧЕЊЕ**

**Клучни зборови:**
исто значење, различна форма, сликовитост, прецизност

**СОГЛЕДАЈ И ЗАКЛУЧИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Се движи | | дневник |
| | Чекори | | учебник |
| ОДИ | брза | КНИГА | роман |
| | Доаѓа | | сликовница |
| | Трча | | речник |

- Зборовите од десната колона иако се различни по форма, имаат исто значење како и зборот со кого се поврзани со стрелките. Сите го означуваат, или поимот ОДИ или поимот КНИГА
- За да постигнеме поголема сликовитост и прецизност во искажувањето често користиме различни зборови што имаат исто или слично значење.

**Зборовите кои имаат исто значење, а различна форма се викаат синоними.**



- За секој збор пронајди по еден или повеќе зборови со исто или слично значење и запиши ги во табелата.

| Говори<br>Кажува | Куќа | улица | весел | Обувки<br>патики<br>чизми | учител | Родител<br>мајка | куче | Рис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

- Препиши го следниот текст на линиите. Притоа секој збор напишан со кафена боја, замени го со збор што има исто или слично значење.

Ја сретнав денес девојката на Марко. Носеше кус фустан. На изгревот на сонцето, ми се пристори, дека и песот Шарко го видов. Вистина ли беше, или сон, ама како трендафил да имаше во муцката. Без шум, ми се изгуби од видикот. И тогаш, сал' за миг, ми се појави и Ристана. Чудни беа денес настаните!

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

- Поделете се во групи по двајца и натпреварувајте се која група поуспешна ќе биде во изнаоѓање синоними.

# АНТОНИМИ

## ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ

**Клучни зборови:**
спротивно значење



Максим е лут.



Бојан е ____________________.

Запиши каков е Бојан.



**ЗАКЛУЧИ**

Дополни ги зборовите кои немаат свој пар. Каков пар се бара? Бараме нешто што е сосем спротивно.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ден ↔ ноќ | висок ↔ | утро ↔ | умна ↔ |
| Богат ↔ | добри↔ | глад↔ситост | смел↔ |
| болест↔здравје | грдо↔ | љуби↔мрази | светло ↔ |

Какво значење имаат зборовите што ги допиша?

**Зборовите кои имаат спротивно значење се нарекуваат АНТОНИМИ.**

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

- Препиши го следниот текст. Секој збор напишан со кафена боја замени го со збор со спротивно значење. Така ќе ги исправиш грешките во текстот.

Далеку од нашата нова нива имаше едно ниско дрво со ретка крошна. На највисоката гранка, секоја вечер Шарко тажно лаеше. Набру од малиот рид ќе се појавеше и Ристана. Над нејзиниот груб чекор шумолеа грубо големите тревки. Кога ќе им ги здогледаа вака сите се растажуваа.

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

- Во следните реченици, замени по еден или два збора со друг збор со спротивно значење.

Имам многу тешки мигови. ______________________

Сонцето зајде токму кога сакав да легнам. ______________________

Твојот балон летна нагоре. ______________________

Малите топчиња скокаат ниско. ______________________

# ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ

| ШАРКО | РИСТИНА |
|---|---|
| ↓ | ↓ |
| Вежбам, за да знам. | Знам, кога повторувам повеќе пати. |



# САМОГЛАСКИ

ДРАМСКИ ТЕКСТ

**Лица:** Буквите, А, О, Е, И, У, буквар, деца

**Буквата А:**

Здраво, здраво, ме познавате сите, нели? Не треба да ви се претставувам, веќе ви е јасно- со мене започнува секоја азбука! Можам да си кажам- јас сум си главна!

**Буквата О:**

Полека, полека. Ако некој е главен, тогаш морате да признаете- Јас сум најславен и не ми треба никоја буква да биде со мене. Доволно е да кажеш ОООООООО и сè е јасно. Па, сум си најглавен, а со тоа и најславен!

**Буквата Е:**

ЕЕЕЕЕ, не може, само се фалите, но внимавајте да не зажалите! Не е убаво секој сам да се фали! И јас, ако е за така, немам никаква мака. Да ме употребува само мене, може секој, ако сака.

**Буквата У:**

Ууууу, види ги ти нив! Па, човек не може ниту да ве слуша, полни сте со пофалби за себе до гуша.Ај, свртете се околу себе и признајте дека кај децата омилена сум јас, иако не ме бие добар глас. На секого тие знаат да му кажат- ууууу без око да им трепне. Па, затоа се прогласувам сама за главна, ете, така!

**Буквата И:**

Едно ќе ви признаам- навистина умеете сами да се пофалите. Јас сум сврзникот овде и во речениците стојам сам без никаков срам. Без мене, ај, ве молам, ќе умеете ли да продолжите. И ако негде некој запне, секој ќе му каже, и што понатаму, и потоа и, и така. Јас сум И, и сум најважна и најглавна буква, а вие, можете само да се фалите.

**Букварот:**

Каква е оваа караница низ листовите мои, кој се осудува да направи ваква нечуена мешаница?!

О-хо, тоа се самогласките, гледам! Ајде, веднаш сакам да слушнам, зборувајте на глас! Каква е оваа мешаница ?

**Буквите АОИУЕ: (заедно)**

Кажи ни, ти, Букварy, која буква од нас пет е најглавна? Твојот став е многу битен, зборувај, не молчи, кажи кој е најелитен глас!

**Букварот:**

Колку време сте заедно и уште ли не научивте! Сите вие сте исти, нема помеѓу вас, ама баш никаква разлика.

**Буквите:**

Чекај, чекај, Букварy, ова е навистина навреда тешка, ОВДЕ МОРА ДА ИМА НЕКАКВА ГРЕШКА. Та, ние, воопшто, не си личиме!



**Букварот:**
Зар вие кои за себе имате толку високо мислење, не сте слушнале досега дека имате исто име? Сите ве викаат- САМОГЛАСКИ!

**Буквите:**
Уф, Уф, тоа е сигурно некој прекар кој ни го измислиле другите неважни букви од азбуката, или, пак, некое палаво дете?

**Буквата А:**
Вистина, ајде раскажи ни, зошто ни ставиле такво име- САМОГЛАСКИ?

**Буквата О:**
Да не е поради тоа што секоја од нас сама се фали колку е главна, и во азбуката важна?

**Букварот:**
Името го добивте, зашто секоја од вас е самогласка. Во букварот сте сите букви исти и не може поинаку. Како би можеле да бидете сами? Ајде, да ве слушнам, кажете ми еден збор кој може да го напишете или изговорите само со вас без некој друг глас?!
Буквите: (заедно) ае, оу, иоу, уаа, ау, ио.

**Буквата И:**
Не може, нема таков збор, но прашањето не е тоа!

**Буквата О:**
Еден треба да биде главен, не секој од нас? Ќе ги прашаме децата!

**Буквата У:**
Деца, која буква е главна и заслужува да биде славна? Кажете ни сега, помош ваша ни треба. Најглавен кај буквите, кој е?

**Децата:**
Тоа секој го знае – АЗБУКАТА, таа кај секој народ е главна!

**Буквата А:**
Види ги ти нив, (свртени кон Букварот) без никаков срам?! Каков одговор ни дадоа и азбуката за главна ја прогласија?

**Букварот:**
Се надевам лекцијата ја научивте и повеќе ќе нема мешаница. Вратете се во букварот на своето место за азбуката да не биде тажна, зошто за секого е таа важна. Во моите корици цврсто ќе ве гушнам и ајде да запееме сите дружно!

СКАЗНА ЗА СЛОГОТ



Живеела некогаш една жабичка. Жабичка, како жабичка. Малечка, од три слога: **жа-бич-ка**.

И, некогаш живеел еден слон. Слон! Голем, голем! А, само со еден слог: **СЛОН**!







И малата жабичка се шегувала со големиот слон.
*- Е -е - е! Голем, а од еден слог!*
Но, од мочуриштето дошла една **ЧАП-ЈА** од два слога и ја проголтала таа **ЖА-БИЧ-КА** од три слога. И, тоа е сè...

- Зошто текстот има наслов *Сказна за слогот*?
- Од колку слога се составени следните зборови?

даб ___ врата ___
мама ___ училиште ___
Телевизор ___ врв ___

- Од колку гласа се составени следните зборови?

клупа ___ синтисајзер ___
весник ___ око ___
компјутер ___ рака ___

Игра- Јас почнувам ти завршуваш...

- Состави зборови што имаат заеднички слог, во почетокот, во средината, на крајот и потоа запиши ги на празните линии.

**мај** **ре**
**нај**
**па** **ма** **кол**
**го** **та**

______________________________
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________

- Гласовите во македонскиот јазик се делат на: самогласки и ______________
- Самогласки се : ______________
- Збор е ______________
- Слог е ______________
- Подвлечи ги со црвена боичка правилно поделените зборови на слогови!

срп ја-го-да к-уќа ли-ст сон-це чист
со-нце у-че-ник Ма-ке-до-н-и-ја пе-пе-ру-га сјај

## ИМЕНКИ

Зборови што означуваат имиња на лица, предмети, суштества и појави.



- Напиши три имиња на лица:

- Напиши три зборови што означуваат имиња на предмети:

- Напиши три зборови што означуваат имиња на суштества:

- Во следниов текст пронајди ги зборовите што означуваат имиња на лица, предмети и суштества и подвлечи ги со црвена боичка!

ПЕПЕРУГА

Маја излезе надвор да си поигра. На Маја ѝ се придружи нејзината другарка Весна. Весна имаше мало шарено маче. Тие секогаш играа со него. Но, денес мачето здогледа една пеперутка. Ги заборави Весна и Маја. Трчаше и скокаше по пеперутката. А, таа, малата пеперутка застана на еден цвет да се одмори, за да има сила и да ја продолжи играта со шареното маче.

- Состави четири реченици во кои ќе употребиш општи именки и истите подвлечи ги со сина

боичка!

- Состави четири реченици во кои ќе употребиш сопствени именки и истите подвлечи ги со

сина боичка!

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | | | | | |
| **2** | | | | | |
| **3** | | | | | |
| **4** | | | | | |
| **5** | | | | | |
| **6** | | | | | |

**РЕШИ ГО КРСТОЗБОРОТ!**

**1.** Тенка метална прачка со остар врв на едниот крај и со мало дупче на другиот за вденување конец.

**2.** Диво животно

**3.** Иглолисно зимзелено дрво

**4.** Израсток на горната страна на прстите на рацете и нозете

**5.** Вид овошно растение

**6.** Вид воздушно превозно средство



- Реченица е ____________________
- Збор е ____________________
- Слог е ____________________
- Речениците според значењето можат да бидат: ____________________
- Што се именки? ____________________

____________________

6. Општи именки се зборови  што означуваат ____________________

____________________

7. Сопствени именки се зборови што означуваат ____________________

____________________

8. Внимателно прочитај го текстот и одговори на поставените барања!

<u>ОРЕЛ И ЧАВКА</u>

Еден орел слета од една висока карпа и грабна едно јагне. Кога го виде тоа чавката, и таа се спушти озгора и се фрли врз еден овен. Тогаш канџите ѝ се заплеткаа во  волната и таа почна да мавта со крилјата.
Дотрча овчарот Мите и ја фати чавката. Потоа ѝ ги потсече црните крилја и  штом се стемни ја однесе дома. Синовите на овчарот, Јане и Санко го запрашаа; каква е таа лоша птица. Таткото одговори:
- Деца мои, колку што знам јас, чавка е, а  таа сакаше да стане орел.

- Пополни ја табелата.

| **ИМЕНКИ** | |
|---|---|
| ОПШТИ | СОПСТВЕНИ |
| | |

9. Одреди го бројот кај именките.

Чаши ____________________
Часовник ____________________
Волк ____________________
Кучиња ____________________
Моливи ____________________
Креда____________________



• Поврзи со стрелка на кој род му припаѓаат овие именки:

| | |
|---|---|
| стол | |
| коњ | |
| кукла | м. р. |
| куќа | |
| молив | |
| часовник | |
| топка | ж. р. |
| ден | |
| страв | |
| утро | |
| баба | |
| село | ср. р. |
| кафез | |
| телевизор | |
| радио | |
| јагне | |

## ГЛАГОЛИ

**Зборовите со кои се означува дејство, работа или состојба се викаат глаголи.**
**Зборови кои означуваат дејство (случувања во природата):** врне, дува, грее.
**Зборови кои означуваат работа (движење):** тече, пешачи, работи, копа, сее, трча.
**Зборови кои означуваат состојба (се случува нешто, но нема движење):** пишува, чита, плаче, се смее, спие.





• Напиши по една реченица за секоја од дадените слики и во неа подвлечи го глаголот.



- Во дадениот текст подвлечи ги глаголите со црвена боичка.

ФАЛБА НА ГЛАГОЛИТЕ

Ние сме вредни и работливи. Секогаш нешто правиме и затоа за нас надалеку се слуша. Нас најмногу нè сакаат: работливите луѓе, зборливите старци и игривите деца.
Се лажете, ако мислите дека со тоа завршува нашето значење. Ние често и пееме, се смееме, одиме, се враќаме, трчаме, се натпреваруваме, учиме, средуваме и правиме уште многу различни нешта.
Кога ќе дојде време за спиење: легнуваме, спиеме, сонуваме, понекогаш клоцаме, се откриваме. Наутро: стануваме, се миеме, доручкуваме и потоа пак сме на работа и во движење. За нас нема живот, ако не дејствуваме, ако нешто не се случува и ако не бидеме во некаква состојба.

- Напиши пет зборови кои означуваат работа, пет кои означуваат дејство и пет кои означуваат состојба.

**ЗБОРОВИ ШТО ОЗНАЧУВААТ**

| РАБОТА | ДЕЈСТВО | СОСТОЈБА |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

- Поврзи ги со линија (стрелка) именките со зборовите што означуваат работа, дејство или состојба, така како што им одговара според содржината.

| | |
|---|---|
| ученикот | вози |
| возачот | готви |
| небото | спие |
| мама | чука |
| часовникот | чита |
| птицата | размислува |
| бебето | се стемни |
| дрвото | пее |

- Состави и напиши три реченици во кои ќе се содржат именките: птица, училиште, јаболко, ветер, сонце. Речениците збогати ги со придавки и глаголи, така што: именките подвлечи ги со црвена боичка, придавките со сина боичка, а глаголите со зелена боичка.

1.____________________________________________
2.____________________________________________
3.____________________________________________
4.____________________________________________
5.____________________________________________



- Внимателно прочитај го текстот и одговори на барањата!

ЗЛАТНОТО ДЕВОЈЧЕ

Две девојчиња стоеја пред една продавница за зеленчук. Од продавницата излезе стара подгрбавена жена. Таа носеше во рацете две кошници со компири.
- Ајде да ѝ помогнеме на оваа жена! – ѝ предложи Анка на својата другарка.
- Уште тоа ми треба, можам да го извалкам новото фустанче – одговори Сузана.
Анка се приближи до старицата и ѝ рече:
- Дајте, бабо, да Ви ги поносам кошниците.
- Девојченце мое, ти си уште мала, не ќе можеш.
- Можам, бабо. Јас секогаш ѝ помагам на мама.
Старицата ѝ ги подаде кошниците и зачекори по неа. Кога стигнаа до куќата во која живееше бабата, Анка ѝ ги предаде кошниците. Бабата ја бакна Анка и ѝ рече:
- Благодарам, малечка. Ти си златно девојче.

| **Именки** | **Придавки** | **Глаголи** | **Броеви** |
|---|---|---|---|
| | | | |

- Внимателно прочитај го текстот и одговори на барањата.

РАЗГОВОР

За едно дрво, кое долги години растеше и се вишеше крај зградата на Давид, едно утро се поведе ваков разговор:
- Зошто не го исечат ова дрво? Ништо не раѓа, помина година, две, три , четири и многу години ... – праша еден минувач.
- Како ништо не раѓа? Раѓа прекрасни цветови, раѓа зеленило и убав поглед, раѓа сенка, и , што е најважно- раѓа чист воздух!- му одговори еден од станарите во зградата.
- И моиве малечки овде се раѓаат! – додаде една гугутка, која имаше направено гнездо на гранките од дрвото.

- На празните линии напиши ги расказните, прашалните и извичните реченици!

**Расказни:**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

____________



**Прашални:**

**Извични:**

- Пополни ја табелата според текстот!

| Именки | Придавки | Глаголи |
|---|---|---|
| | | |

- Што се извични реченици?

- Напиши две извични реченици.

- Што се прашални реченици?

- Напиши две прашални реченици.

- Што се расказни реченици?



- Напиши две расказни реченици.

- Во дадените реченици пронајдете ги грешките и препишете го правилно текстот со правилна употреба на големата буква.

Есен

Есен е. Се сее. насте носи семе. симе сее сам. насте и симе се насмеани. Наминаа ема и мими. Есента е насмеана.

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

1. Во реченицата - Децата играат фудбал.- глагол е:
а) децата
б) играат
в) фудбал

2. Кој од дадените зборови означува сопствена именка?
а) книга
б) Тетово
в) училиште

3. Придавки се ____________________

4. Македонската азбука има __________ самогласки. Тие се: ____________________

5. Од реченица: „ Климе игра кошарка“, состави прашална реченица.

6. Напиши две реченици со именка, придавка и глагол и истите подвлечи ги со: црвена боичка- именките, со сина – придавките и со зелена- глаголите.

7. Определи кои од следниве именки: пиперки, дрвја, стол, цвеќе, лажици, радост, петел, тага, месечина, облак и брзина, се:
а) во среден род: ____________________
б) во женски род: ____________________
в) во машки род: ____________________
г) конкретни именки: ____________________
д) апстрактни именки: ____________________

8. Што се именки?



9. Што се глаголи? (наведи и примери)

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

10. Зборовите: гума, молив, уво, тетратка, библиотека, пеперуга, убав, убавина, подели ги на слогови:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

11. Во кој случај согласката Р може да замени самогласка? (Објасни и наведи пример)

______________________________________________________________________________

Одговори на следните барања!

12. Подметот ни покажува ______________________________________ ,

а прирокот _____________________________________________________________________.

Наведи пример и подвлечи ги подметот и прирокот во реченицата.

______________________________________________________________________________

13.

а) Напиши зборови со спротивно значење на следните зборови:

бел – ___________________

ден – ___________________

тага – ___________________

север – ___________________

б) Напиши зборови со исто или слично значење на следните зборови:

книга – ___________________

оди – ___________________

обувки – ___________________

родител – ___________________

14. Во табелата напиши ги личните заменки во нашиот јазик:

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1 л. | 1 л. |
| 2 л. | 2 л. |
| 3 л. | 3 л. |



15. Напиши три реченици во кои ќе употребиш глаголи во сите времиња (на секоја реченица подвлечи го и запиши го времето на глаголот).

1. ______________________________________________

Време:

2. ______________________________________________

Време:

3. ______________________________________________

Време:

16. Менувај го глаголот **читање** во сегашно, идно и минато време.

| **СЕГАШНО** | | **ИДНО** | | **МИНАТО** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Еднина | Множина | Еднина | Множина | Еднина | Множина |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

17. Какво глаголско време ни покажува сегашното, а какво минатото време? Напиши по еден пример.

______________________________________________

______________________________________________

## ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ

- Напиши ја именката со показните заменки според родот, и во еднина, и во множина.

Молив ______________________________________________

Книга ______________________________________________

Клупа ______________________________________________

- Напиши ја показната заменка пред секоја именка во реченицата.

1. _________ ден помина многу брзо.
2. __________ е мојата мајка.
3. Ќе ги купам __________ книги.
4. Јас ги сакам ________ јаболка.

- Подвлечи ги само показните заменки во реченицата.

1. Таа се прави многу важна.
2. Тоа столче е мое.
3. Тие победија во играта.
4. Вчера го гледав оној филм.
5. Погледнете го овој автомобил.



- Напиши по една реченица со показна заменка за именки од машки, женски и среден род.

1. ____________________________________________
2. ____________________________________________
3. ____________________________________________

- Внимателно прочитај ги зборовите и состави реченици.

фудбал игра Жарко

1. ____________________________________________

ученичка е одлична Ана

2. ____________________________________________

во Тетово е Кети родена

3. ____________________________________________

- Пронајди ги грешките во краткиот текст, а потоа препиши го правилно. (ракописно)

јас се викам ана Андреевска. Имам седум години и живеам во тетово. секоја зима одам со моите родители на скијање на шар планина, а на лето одиме во охрид.

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

## СО ШАРКО И РИСТИНА ДО НАУКА

1. Ако именките именуваат предмети и суштества што можеме да ги допреме и видиме се викаат ____________________.

2. Именките: **храброст, лага, љубов, снаодливост, мака, среќа** по вид се ________________.

3. Именките: **население, мебел, народ, свет, членство, учителство** означуваат збир, целост од повеќе исти предмети. Секогаш се во еднинска форма, а означуваат множество и се викаат ______________.

4. Именката **камен** е општа и конкретна, а именката тага е општа и ________________.

5. Именката **Крушево** е ______________, а именката **младина** е __________________.



6. Сите имкенки од наведените поговорки подреди ги во табелата според поставените барања.
- На лагата ѝ се куси нозете.
- Работата го краси човекот, а мрзата го гнаси.
- Село гори, баба се чешла.
- Кој рано рани, две среќи граби.

| Именки од женски род | Именки од машки род | Именки од среден род | Апстрактни именки | Конкректни именки | Именки во еднина | Именки во множина |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

7. Придавките се видови зборови кои означуваат некоја особина на предметите и се делат на ____________, **присвојни** и ______________.

8. **Зелена** клупа – придавката **зелена** по вид е __________________
**Трета** клупа – придавката **трета** по вид е ____________________
**Училишна** клупа- придавката **училишна** по вид е ________________.

9.Определи го видот на придавките од следнава реченица:
**Веќе трета вечер ги слушам веселите птичји црцорења кои доаѓаат од разгранетото црешово дрво.**
Описни придавки се: ________________________________________________________________.
Присвојни придавки се:______________________________________________________________.
Бројна придавка е: _________________________________________________________________.

10. Зборовите кои најчесто ги заменуваат именките се викаат _____________________________.

11. Заменките кои ги заменуваат лицата по вид се _____________________________________.

12. Со __________________ заменки ги посочуваме (покажуваме) лицата и предметите.

13. Ние живееме во ______ куќа. Реченицата ја дополнуваме со ______________ заменка.

14. Тие убаво ја избришаа таблата. ***Тие*** како вид збор е ______________ заменка.



Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

Ноември, 2020